# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јули 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристе Бислимовски, Трифун Костовски, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Мендух Тачи, Цветанка Иванова, Наташа Биковска, Емилија Костадинова, Рафет Муминовиќ, Ганка Самоиловска-Цветанова, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Марјан Ѓорчев, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Али Ахмети, Талат Џафери, Љупчо Балковски, Стојан Андов Теута Арифи и Ѓорѓи Трендафилов ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по точката 23 - **Извештај за работа на ЈП Македонска радио-телевизија во периодот мај 2003-мај 2004 година.**

Продолжуваме со претресот.

Повелете г-дине Трајановски, бидејки госпоѓа Поповска и г-динот Ѓорѓи Трендафилов не е тука, вие имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да го кажам своето мислење вов рска со Извештајот на Македонска радио-телевизија за периодот мај 2003-мај 2004 година.

Најпрво да кажам дека не сум задоволен од овој Извештај и во мојот говор ќе се обидам да ги кажам забелешките кои што според мене се негативни и би требало да се подобрат за да би можело ЈП Македонска радио-телевизија, јавниот сервис во Република Македонија, кој што го сервисираат сите граѓани во Република Македонија да биде онаков каков Што го посакуваат граЃаните во Република Македонија .

Ако би тргнале по табелите, финансиски што се вели, во табелата точка 1-кумулирани загуби, се вели дека има 476.113,101,00 денар. Сметаме според нашите сознанија дека овие загуби се направени во 1998 година 182.595,00 денари и како што е тука напишано во 2003 година 127.363,031,00 денари, што заедно сумира до 1998 година и 2003 година околу 309.000.000,00 денари, што практично изнесува 70% од вкупните загуби кои што се овде прикажани. Значи, по овој основ јасно се зборува од финансиски аспект колкава е успешноста во работењето на ЈП Македонска радио-телевизија .

Што се однесува до обврските во точка 2 под точка **ѓ**-обврски за пресметани даноци, тоа е ДДВ, состојба на 31.12.2003 година се вели 31.432.617,00 денари.

Обврските за пресметани даноци со овој износ практично се само пресметани даноци по Завршната сметка за 2003 година, меѓутоа тие се неплатени даноци. Знаеме дека неплаќањето на даноците подлежи на законски санкции, прекршување на закони, можеби и кривична одговорност бидјеки знаеме дека сите оние фирми кои што не ги плаќаат своите даноци , незнам како Македонска радио-телевизија успеала тоа да не го плати претставува грубо кршење на законите во Република Македонија .

За ова нешто има поднесено и кривична пријава до Антикорупциската комисија број 64/2 од 15.03.2004 година. Значи и по тој основ велиме дека овој финансиски извештај не е онаква слика каква што е и сметаме дека би требало овие бројки да бидат малку повеќе образложени.

Во точката 2.2-обврски кон надворешни работници, точка **б**-плати и надоместоци од плати се вели 73.648.528,00 денари. По наши сознанија тука се и неисплатени плати за октомври, ноември и декември месец 2003 година. Јас сега се прашувам како може да биде успешна Македонска радио-телевизија во 2003 година доколку , прашањето е до директорот на Македонска радио-телевизија, доколку е ова точно, бидејки ние немаме по детално објаснување зошто е ова така, затоа што сметам дека секоја од бројките би требало да биде образложена, а не ние со наши неофицијални сознанија да ги анализираме овие бројки. Значи каква би била таа

успешност кога од 12 месеци за 3 месеци нема исплатено плати. Тоа јасно зборува за еден неуспешен менаџерски тим.

Исто така надомест за исхрана 8.207.120,00 денари , тоа значи дека е неисплатен надомест на вработените за два месеци односно за ноември и декември месец 2003 година. Значи исто како неисплатени плати и овде за неисплатени надоместоци за исхрана јасно зборува дека сите тие работи се само пресметани, меѓутоа во добар дел неисплатени на вработените. Би сакал доколку има објаснување генералниот директор на Македонска радио-телевизија да ни објасни на што се должи сето ова и зошто волку неуспешно работење особено најосновното кога не може на вработените да им се исплатат плати и надоместоци за исхрана.

По точка 2.3-обврски по ревидирани договори за продавање на рекламно време во претходни години, мислам дека и оваа позиција во Извештајот исто така отсликува едно лошо работење во Македонска радио-телевизија. Имено со доаѓањето на новиот генерален директор се пријде кон ревидирање на сите договори склучени во маркетингот од страна на претходното раководство. Притоа тие договори биле со купување на програми, филмови и друга програма по пат на компензација со рекламно време. Нашите сознанија велат дека компензацијата се ревидира со плаќање во кеш иако тоа плаќање во кеш во добар процент е поефтино отколку со компензација, меѓутоа исто така во ова тешко време, како што гледаме во претходните точки дека имаме неисплатени плати и неисплатени надоместоци за исхрана, во исто време ние имаме плаќање во кеш. Значи, исто така тука би барал обајснување на генералниот директор на Македонска радио-телевизија , кои се причините, кои се основите што на ваков начин се работи во Македонска радио-телевизија, наместо со компензација се плаќа во кеш.

Исто така има многу основи со кои што, еве знаеме дека пред неколку месеци Македонска радио-телевизија во јавноста се појави со Договорот со СВРСА, сите медиуми го објавија и практично ние како основачи на ова Јацно претпријатие, како пратеници нормално дека бевме загрижени и зошто и на кој начин се случи 35 часа неделно од програмското време на Македонска радио-телевизија и се продаде на една приватна фирма СВРСА по 5 часа дневно таа да го потполнува просторот на Македонска радио-телевизија, а знаејки дека Македонска радио-телевизија е практично превработена , има премногу вработени ги испуштаме вработените или не им даваме работа, а од друга страна се купуваат филмови од некоја фирма, незнам, сигурно со неколку вработени чии што директор практично е поранешниот директор

на маркетинг службата во Македонска радио-телевизија, а тоа е г-динот Драга Живковиќ, сега директор на СВРСА.

Се проценува дека со овој Договор практично може да се инкасира разлика од 25 милијони евра, поради тоа што ваквите серии кои што ги нудат овие фирми на Македонска радио-телевизија се некои јужно-американски филмови и сл. Кои што се со многу ефтини цени, овде се продаваат многу поскапо. Сето тоа дава сомнеж за едно незаконско работење. Всушност поради тоа ние имаме овде пратеиците, Државната комисија за спречување на корупцијата да ни достави свое мислење и свој наод во врска со овој Договор, во кој што се вели , во заклучоците да се утврди одговорноста на генералниот директор за склучување на Договорот и да се утврди одговорноста на членовите на Управниот одбор на ЈП Македонска радио-телевизија именувани од Собранието на Република Македонија , а знаејки дека таму настан аконфликт бидјеки претседателот на Управниот одбор не сакаше да го потпише овој контраверзен договор со оваа фирма.

Сега јас се прашувам зошто практично постои нашата Македонска радио-телевизија. Ние уште со две фирми вака да склучиме договор во тој случај Македонска радио-телевизија не би требало да постои, а една куќа која што постои повеќе од 50 години, која што има изградено пазар и моментално вработено кадар сега испаѓа дека повеќе од 30% од програмското време го даваме на некоја фирма која штопрактично има два тројца вработени. Ако е така значи се доведува во прашање самиот опстаок на оваа фирма. Значи, се работи за случај кој што навистина ја бранувааат македонската јавност, а ние како основачи, како пратеници навистина се чувствуваме непријатно бидејки сепак ние сме тие кои што како пратеници ја основавме Македонската радио-телевизија.

Одејки понатаму сметам дека рационализациите кои што се прават во Македонската радио-телевизија се сведуваат само на отпуштање на луѓе на чистки, на реваншизми према сите луѓе кои што беа блискудо претходната власт и на некој начин се создаде хаос во Македонската радио-телевизија. Сега гледаме дека таму се вселуваат и други министерства, можеби и некои јавни претпријатија, меѓутоа јас би ја прашал јавно директорот на Македонската радио-телевизија дали има склучено договор со тие министерства, по која цена, по кои услови, дали тоа е поминато на Управниот одбор, бидјеки сепак тоа е имот на ЈП, а не е имот на Владата на Република Македонија. Вработените кои што се во Македонската радио-телевизија се толку возбудени, толкуисплашени така да штоне знаат утрешниот ден што ќе ги чека во Македонската радио-телевизија, бидејки се нешто се прави, се нешто се

преправа, нон стоп луѓето се префрлуваат од една просторија во друга. Така да, за мене  добро е што дојде овој Извештај на дневен ред на Парламентот. Сметам дека треба јавно да проговориме. На Комисијата за транспорт и врски беше прифатен Извештајот, мислам дека тоа го направи мнозинството од пратениците кои ја подржуваат оваа коалиција, меѓутоа ние како пратеничка група сметам дека треба да го кажеме своето мислење, бидјеки на тој начин сметаме дека во најмала рака ќе придонесеме за корегирање на работата во Македонската радио-телевизија и за тоа оваа Македонска радио-телевизија ги извршува своите работи онака како што е зацртано, онака како што е предвиденосо програмските документи.

Исто така и за  Македонското радио, г-динот Чашуле кажа вчера и моите колеги, значи ние на некој начин сме изненадени од тоа што 50 години се создаваше во Македонската радио-телевизија, сега со некои нови ветрови, нови  програми сето тоа се уништува, како што е народниот оркестар, оркестарот на народни инструменти, Чалгиите, танцовиот оркестар, фолклорното творештво. Исто така длабоки корени во сето ова има касетната продукција, нешто кое што живее во Македонската радио-телевизија, нешто кое што може само и комерцијално да егзистира сега едноставно се брише од Македонската радио-телевизија и таа телевизија, грубо кажано се обезличува. Ако е тоа така тогаш треба да се каже дека Македонската радио-телевизија треба да има 50-тина вработени, треба да ја купува програмата од други приватни фирми и нека има само некој уредувачки одбор, а сето останато треба да оди на Биро за вработување. На ваков начин секој ден луѓето се толку несигурни, а јас сметам дека не е дојдена состојбата во Македонската радио-телевизија до тој степен, особено што со новиот Закон радиодифузната такса, и  вчера слушнавме дека наплатата е 57%, иако во Извештајот што е даден се вели дкеа процентот на наплатата е многу низок.

Исто така во Извештајот се вели дека висината на радиодифузната такса, меѓу редови може да се прочита дека таа треба да се зголеми иако генералниот директор вчера во своето обраќање по повод оваа точка кажа дека е задоволен од висината на радиодифузната такса. Сега незнам што е точно, дали е точно ова што го пишува во Извештајот на страница 1 точка 1, или пак во говорот со кој што се обраќаше по повод оваа точка, поради што сметам дека каква што е состојбата, економската состојба на населението  во Република Македонија оваа радиодифузна такса е доволно висока и сметам дека и со овој процент може Македонската радио-телевизија успешно да работи.

Нормално треба да има и днации, како што е тука напишано за да би можело да се модернизира технолошки Македонската радио-телевизија. Тука се согласувам и тука можеби треба да е најголемиот ангажман на директорот на Македонската радио-телевизија. Да споменам дека јас бев и во Управниот одбор на Македонската радио-дифузија и во периодот од 1998 до 2002 година ние донесовме повеќе од 8 милиони германски марки донации за предавателите во Република Македонија . Значи тука би требало да биде умешноста на директорот и на менаџерскиот тим, а не таа да биде со едноставна рационализација во која што единствено ќе биде смалување на бројот на вработените и тоа механичко и пресметка со своите неистомисленици.

Поради тоа ние нема да го поддржиме овој извештај и сметам дека директорот на МРТВ би требало да одговара за сите овие обвинувања, да ги објасни и доколку смета дека не се точни и особено од Антикорупциската комисија, јас не знам како можеше и Комисијата за транспорт и врски, матичната комисија, која што го гледаше ова да го игнорира извештајот и дописот од Државната комисија за спречување на корупција, каде што децидно е кажано дека треба да се бара одговорност од директорот на МРТВ, особено таму е спомнато дека доколку договорот се поништи поради вина на МРТВ, МРТВ треба да им исплати 1 милион евра на фирмата СВРСА. И токму на овој член има реагорано комисијата, меѓутоа собраниската комисија сето тоа го сметаше за нормално и јас сега се прашувам дали Државната комисија за спречување на корупцијата нам ни треба како форма пред странците и пред јавноста на Република Македонија, или е тоа само заради за функционерите од бившата власт, за да можеме да им покажеме дека сме ние општество, сме систем, сме држава, во која што ги имаме сите органи, кои што се борат против корупција, а вака еден документ тука е даден до сите пратеници да се игнорира и да се молчи и вчера на говорницата само пофални зборови да се искажуваат, јас навистина, немам зборови со кои што би го објаснил ваквото однесување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој има за реплика нека се пријави, ве молам.

Господинот Славе Арсовски има реплика.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Јас имам кратка реплика, можеби и како прашање, а истакнато е од господинот Коце Трајановски дека е добро Парламентот што го разгледува

извештајот за работата на МРТВ и јас велам дека е добро, бидејќи како основач се јавува и Парламентот, па би го запрашал, бидејќи тој беше и во минатиот состав пратеник, дали во минатиот состав кога парламентарно мнозинство беше ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, за 1999, 2000 и 2001 година Парламентот расправа за работата на МРТВ. Тврдам дека најголемите финансиски дубиози се направени во тој период, а Парламентот не расправал за тоа, како што истиот пратеник признал дека не се расправало за МРТВ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски имате една минута, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, во извештајот јасно стои загубите на МРТВ во кој период се направени. Во период од 1998 до 2002 година немаше ни неисплатување на плати, немаше неисплаќање надоместоци, немаше бркање од работа, немаше рушење на цели спратови на МРТВ и доколку имаше нешто, сметам дека Државната комисија за спречување на корупцијата, многу, многу порано ќе излезеше со некој материјал. Меѓутоа нема такво нешто и заради тоа сметам дека не треба работата да се враќа назад пред 2002 година. Ние го гледаме извештајот за МРТВ мај 2003 година, мај 2004 година. Ние можеме да се вратиме и 1990 и 1953 и 1945 ако сакате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот има лапсус, тогаш немаше Комисија за борба против корупцијата, во тоа време.

За збор се јавува госпоѓата Гордана Стошиќ.

ГОРДАНА СТОШиЌ:

Почитуван претседателе, мислам дека некои работи треба да се одговорат и не само заради да се одговорат, туку да не се внесуваат понатаму забуни во највисокиот законодавен дом во државата, бидејќи за секоја понатамошна дискусија мислам дека треба да се потсетиме на законските решенија. Тоа кој што урива низ МРТВ е следно. Постои легитимна одлука на Владата на РМ за пренамена, односно промена на корисникот на просторот од МРТВ на МВР, Министерство за екологија, Агенција за информации, Министерство за транспорт и врски, мислам

Ветеринарната инспекција и не знам кој се. Тоа се работи за високата зграда.
Да се разбереме, ниту е во мои раце, ниту се плашам можеби е во ваши раце да го промените Законот за МРТВ кој што го донесол Парламентот и тука во членот 3 од Законот за МРТВ јасно и гласно пишува : имотот на Јавното претпријатие МРТВ е имот на државата Република Македонија. Имот таму, без оглед колку јас сум чувствувала, бидејќи јас сум била вработена, тогаш во МРТВ во времињата во кои што се говори дека со свои пари, К-15 не сме примале, дека зградата е наша, значи колку јас да сум имала симпатии за сегашните вработени и за својот евентуален материјален интерес во вид на акции од зградата, за жал нема законска основа за ништо од тоа, бидејќи 1997 година, односно во јануари 1998 година тоа прашње е решено. Од таму, со зградата управува во име на државата, исклучиво Владата на РМ и таа како што МРТВ и дала да ја користи, така има право да го одземе тоа за користење. Законите може да не ми се допаѓаат, но мораме да ги знаеме и да ги почитуваме. Но тоа е тоа. Јас сега не говорам за својот личен став. Значи ниту управен орган донел  одлука, ниту има надлежност, ниту постои склучен договор со било кое министерство или со Владата, бидејќи немаме надлежност. Има одлука објавено во Службен весник и Службениот весник е достапен за сите, се надевам и до пратениците на Собранието на  Република Македонија, евентуално ако се имало забелешки можело Собранието се надевам, би можело да реагира во декември, во јануари, во февруари, кога сукцесивно тие одлуки за пренамена на просторот се објавувани. Тоа е првата работа.

Втората работа апропо платите, бидејќи тоа е чувствително прашање, би сакала исто така, да одговорам. Значи јас сум избрана за генерален директор на 12 ноември 2002 година. Немојте да заборавиме дека тогаш, пред тоа претходеше оставка на претходниот генерален, таму претходеа разно разни собитија, штрајкови заради плата и тн. Платите во МРТВ од тој период доцнат два месеца.  Од ноември 2002 година платите се исплатуваат месец за месец. Но за жал, поради финансиските проблеми не успева да се надомести тоа доцнење од два месеци. Извештајот исто така јасно говори дека тоа што во извештајниот период стои дека за три месеци платите не се исплатени, заради тоа што придонесите од плата не биле во целост исплатени во 2003 година, односно исплатени по првите 10-15 дена од јануари. Но ве уверувам, нема доцнење повеќе од два месеца на платите на придонесите од плата и морам да ви кажам дека тоа е уште и добра ситуација, заради тоа што МРТВ одговорно приоѓа кон фактот дека не може само да се исплаќаат плати, а да се очекува сите други направени долгови од име на МРТВ да

ги плати не знам кој Господ, во случајот Собранието на Република Македонија. Помош од Буџетот знам дека можеме да очекуваме, но претпоставувам дека ќе очекуваме за конструктивни работи, а не верувам дека за плати би била срећна кога тоа би можело да се случи, но не верувам дека за плати би можело од Буџетот да се одвојува. Се разбира, до колку Собранието покрене таква иницијатива, јас како генерален директор ќе ја поздравам и со големо задоволство би прифатила една таква одлука на Собранието на Република Македонија.

Ве молам, долгот што го спомнав вчера и тука е едно накусо одговорна за тоа дека има некои луѓе што 17 месеци не примиле плата, такви нема, има тие што не примиле два месеца и што идната недела на пример ќе примат плата за мај месец. Но има хонорари стари неисплатени и за тоа имаше целосен извештај и од лани при разгледувањето на извештајот. Значи неисплатени 17 месеци за периодот крајот 2000 и 2001 година и почеток на 2002 година. Со 700 од нив МРТВ на 1061 лице им должевме хонорари, кому 3, кому 5, кому 17. Значи со 700 од нив се склучени договори за исплата на вкупниот долг од 97 милиони денари. Ве молам, тоа се три бруто плати на МРТВ. Склучивме договор за исплата на 10 рати, во моментот кога го дадовме извештајот имавме платено некаде околу 32-33 милиона, јас се извинувам што не ја знам точната бројка, но таа варира. Во моментот пред едно два-три дена се исплатени уште 10 милиони како рата и МРТВ тој долг мора да го плати, исто како што мора да плати и долгови на пример за кредити. Во тек е исплата на кредит за обртни средства со кои што на пример знаеме дека сме купиле хотел и сл. Разликата од златните времиња кога во МРТВ, обично со секој мандат генералниот директор добивал некаков отпис на долгови е фактот дека што во меѓувреме се случија длабоки реформи во целата држава. Некогаш било лесно да се отпишат долговите на МРТВ, заради тоа што фирмите, претпријатијата, институциите на кои што МРТВ им должи биле јавни, државни, други немало. Во меѓувреме ние се справуваме, сега веќе нема ништо кој што да ни отпише, единствената шанса е пробивање на некои долгови со ЕСМ, бидејќи само тоа претпријатие со кое што имаме некакви должничко доверителни односи, кое што не е приватизирано. Значи МРТВ мора да научи да живее со парите што ги има. Јас би молела уште еднаш за да не биде погрешно сфатено точно е тоа дека степенот на собирање на наплата на радиодифузна такса е низок. Точно е тоа и ви кажувам дека минатиот месец со мерките превземени од страна на Владата на седницата од 24 мај, во јуни е качен процентот на 57%, што е најмногу за изминатата година. Исто така е точно и тоа, сакале или не мораме да го прифатиме, тука нема политички муабети на таа тема

дали со претплата димензионирана со радиодифузна такса, димензионирано за издржување на два канала на радиото и два канала на телевизијата може да се финансира и трет канал на радиото и трет канал на телевизијата и плус производство на сателитски канал на радиото и на телевизијата. Тоа едноставно не може, посебно што немојте да заборваме, заборавaат многумина, немојте вие пратениците, бидејќи вие сте основачите на МРТВ. МРТВ од тие пари од собраната радиодифузна такса добива само 64%. 17% одат во Јавното претпријатие предаватели и врски. 10% одат за приватните радиодифузни организации, независни продуценти, продукциони студија. 5% одат за локалните јавни претпријатија. Значи локалните јавни радиодифузни организации ако сакате во бројки тоа изгледа од прилика вака, од условно речено 5 евра претплата, бидејќи во евра ни изгледа полесно да разговараме радиодифузна такса, околу 3 евра од корисник би биле са зите дејности на МРТВ. Ве молам, сите сте вие сериозни луѓе, сите вие имате контакти со други пратеници, со други парламенти, сите вам ви е на располагање интернет, закони, препораки на Советот на Европа и сл. Ова е рекордно најниска ставка. Ставка со која се финансира целата радиодифузија. Македонија е единствениот случај каде што од радиодифузна такса се финансираат и други дејности, меѓу кои, на пример со буџети Советот за радиодифузија. Но не е спорно, таква е состојбата во целата држава. Од таму, МРТВ би ценеле доколку некој реши да се покачи висината на радиодифузната такса, но би било неодговорно во услови кога се знае економската состојба во државата и кога се знаат условите во стопанството, ние да бараме експанзија и покачување на радиодифузната такса. За жал ми падна мандат во кој што ќе мораме на свој грб да изнесеме многу рестрикции, не зошто тоа го сакаме, заради тоа што е нужно за да можеме да трошиме само толку колку што имаме. Нема друго решение, иако по оркестрите во дискусиите се заборави, слушнавме дека сме го затвориле Каналот 103, слушнавме дека оркестрите, јас би сакала и тука да дадам мало образложение, можеби згрешив што вчера не кажав. Знаете има една приказна која е новото руво на царот. Во овој мандат направивме една многу лоша работа што на раководството му се одбива сериозно од глава. А тоа е како детето од приказната за новото руво на царот. Рековме царот е гол и тука е проблемот. Бидејќи сите ние природно сакаме да имаме подобра слика и за себе и за фирмата во која што работиме и за се друго, но веројатно еднаш е дојден моментот да се отворат сите карти и да се кажат сите работи и да се каже вистината. Исто како што со целиот ризик како што јавно изјавив дека формално правно Канал 103 не постои. И за жал така е затоа што се

пропуштило 15 години. Комплетно значи од тогаш до денеска никој не регулирал, никој не воспоставил правила зошто Канал 103 не постои. Ете така се дојде до ситуацијата кога се случи тоа. Сега со сиот ризик повторно да бидам погрешно да бидам сфатена, јас можам да докажам дека ни оркестри нема. Таа приказна дека има четири оркестри, за жал е приказна. Мора повторно да се чуе говорот на бројките. Значи вака. Еден бик бенд според формација би требало да има 22 инструменталисти ангажирани. Бик бендот на МРТВ има само 9 вработени. Понатаму, чалгиите би требало формациски да имаат пет инструменталисти, само двајца се. Оркестарот на народни инструменти би требало формациски да има 17 инструменталисти. За жал, само двајца се вработени. Камерниот оркестар би требало да има 18, ова се податоци на господинот Илија Пејовски за кого што верувам никој не може да каже дека не е стручен и дека не си ја знае работата. Во Камерниот оркестар никогаш и немало вработени. Значи постојат имиња, а во рамките на сериозната редакција, редакција за сериозна музика, во музичко касетна продукција имало само уредник и тројца продуценти. Значи на хартија имаме се. Фактички имаме многу малку, односно немаме оркестри.

Ако заклучиме дека оркестрите треба да се возобноват, тогаш тоа нека биде заклучокот од денешната седница и ќе биде приоритет. Паралелно со тоа ние ќе треба да купиме инструменти, бидејќи во 2003 година бројот на инструменти што биле рентани, значи се плаќала кирија за нивното рентање, наем, бил 30. Сега тој број е 10. Од ова нека се извлече заклучок има или не. и, да не се лажеме, мислам дека постоела една стратегија оркестрите полека да изумираат, инаку ќе имало вработување.

Има вработувања во Музичко-касетната продукција, но за жал, од 12, референти се 11 и еден студиски манипулант од 1995 година па наваму. Од тие 11 сите референти работат кој во Радио, кој во Телевизија, кој во Спортска програма. Но, не работат во Музичко-касетната продукција. Биле вработувани како референти, затоа што таму имало помалку вработени и полесно било со нивните квалификации да поминат.

Знам дека ова веројатно е заморно, меѓутоа ова е дел од тажната вистина што ние ја имаме. И, ние мораме да ја кажеме. Нема проблем, се определуваме, во ред. А, апропо укинувањето, ве молам, ако сакаме во се да бидеме дел на Европа, ќе мораме и во практиката.

На пример, светска пракса е, сите имаат по некој оркестар, но никој го нема како постојано вработени. На пример, “Норд вотер” во Шветска има еден оркестар каде што еден од акционерите е Шветското радио. Тој оркестар исклучиво е на база на работни договори, на проекти. Договорите се на 3 или 4 месеци. Сопственоста е мешовита. Данското радио има оркестрар, вака како ние формално, но нема вработени во оркестарот. Има дејност - оркестар. Се прави годишен план за музика што треба да се создаде, отсвири, сними. Од јануари до мај оркестарот работи, снима, се распушта. Во септември се утврдува програма, во септември врз основа на програмата се прави аудиција и така повторно. Но, нема она што ние имаме, а тоа е остатокот од тоа што јас сакам да го наречам “Кардељевото законодавство” каде што “еднаш вработен е секогаш вработен”.

Тоа се некои од нештата и јас ве молам исто, апропо Ревизијата на маркетиншките договори, да не беше таа Ревизија целиот наш маркетиншки простор ќе беше уште блокиран. Јас со задоволство сакам да кажам дека како резултат на ревизијата целиот маркетиншки простор е на Македонската радио телевизија, таа може да работи со него, а како најдобар доказ за оние кои никогаш не им веруваат на фактитте туку на зборувањата, ова не се однесува на никого лично меѓутоа е генерално - едно, меѓу другото и поради атмосверата што ја создаваат одредени медиуми во добра мерка, Македонската радио телевизија сега имаше, еве последниов пример, Европското фудбалско првенство. Целосно е покриено со средства од маркетинг трошокот што е направен. Значи, било да сме го дале некому маркетиншкиот простор, рекламен, било да сме го раздале, да е некој друг газда освен нас, тоа не ќе можело да се случи.

Благодарам, а се извинувам што бев долга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Трајановски имате три минути реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас не знам дали е одговор на реплика или реплика на говорот, со оглед на тоа што беше подолг, но ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате право на реплика, а предлагачот има право, тоа добро го знае.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Добро, би почнал, мислам дека во својот говор изнесов неколку дилеми, меѓу кои беше и Договорот со СВРСА. Мислам дека за тоа очеккував директорката да каже некое мислење. Не го кажа. Јас само би го прочитал заклучокот од Државната комисија за спречување на корупцијата.

“Склучен е договор помеѓу ЈП Македонска радио телевизија и СВРСА Скопје заверен во ЈП Македонска радио телевизија под број 06374 од 16.02.2004 година, е во спротивност со Законот за јавни претпријатија, Законот за јавни набавки и Статутот на ЈП Македонска радио телевизија. Со овој договор се суспендираат дел од надлежностите на Управниот одбор на ЈП Македонска радио телевизија и Програмскиот совет на Македонската телевизија.

Со предметниот договор се создава партнерски (ортачки) однос помеѓу ЈП Македонска радио телевизија и фирмата СВРСА”.

Значи, моето прашање беше, доколку Државната комисија за спречување на корупцијата дојде со ваква констатација, значи со ваков заклучок, во кој што на крајот се вели дека Државната комисија за спречување на корупцијата му предлага на Собранието на Република Македонија, како основач на ЈП Македонска радио телевизија, а во рамките на своите надлежности да ја утврди одговорноста на генералниот директор за склучување на договорот. Сметам дека ова е многу сериозно обвинување. Ние вчера воопшто не проговоривме и генералниот директор воопшто сега во својот одговор не се осврна на ова прашање, а сметам дека е клучно.

Исто така би сакал да кажам дека генералниот директор кажа дека сепак ние имаме најмала такса во  Европската унија. Меѓутоа, исто така би требало да се гледа дека во Република Македонија е најголем процентот на невработени во државата и платите се најмали во Европска унија. Значи, се е во еден систем, во една согласност, во една корелација на финансиските можности на граѓаните.

Исто така беше кажано дека платите, односно вели дека немало пари за плати. Ако нема пари за плати тогаш зошто на добавувачите, според сознанијата не се оди на плаќање со компензација, туку најчесто се оди со дирекни прашања? Тоа е малку симптоматично. Значи, доаѓаат некои збунувачки, несфатливи работи што се случуваат во Македонската радио телевизија.

И на крајот, со оркестарот, со она што рековме дека ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трајановски, поминаа три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Добро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Инаку, јас би сакал да одговорам на ова во врска со Антикорупциската комисија.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не беше до Вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не беше до мене? До Собранието, преку Комисијата за транспорт и врски кое ги отфрли сите препораки, да ги кажам, иако не гледам по кој закон може Антикорупциската комисија да бара одговорност. Тоа ние го цениме дали има одговорност или нема одговорност.

Имаше Комисија за транспорт и врски, каде што беше присутна и опозицијата, имаше претставник на Антикорупциската комисија, беа претставници и други правници, беше претставник од Македонската радио телевизија. Сите аргументи се изнесоа.

Бидејќи со тоа што сте член на Антикорупциската комисија, Вие не сте непогрешливи и Комисијата, заедно со опозицијата, членот на опозицијата кој ја напушти, инаку претпоставувам дека напуштањето, ако имаше нешто да каже против или во прилог на заложбите и препораките на Антикорупциската комисија ќе останеше, Комисијата ги отфрли и не ги прифати заклучоците на Антикорупциската комисијата. Собранието е основач како на Антикорупциската комисија, така и на Македонската радио телевизија. Според тоа, ние тука ја завршуваме целата прикаска околу предлозите на Антикорупциската комисија. Ако има прекршување на закони, се има процедура до Јавното обвинителство, се поднесува барање за да се покрене. Не може Антикорупциската комисија да бара политичка оценка од наша страна. Тоа е во врска со тоа.

Повелете, ако имате ново, имате една минута, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Сметам дека немавте право да се јавите со ваков говор. Не знам по кој основ се јавивте, навистина. Како претседател ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Како претседател на Собранието, бидејќи до мене беше поставено барањето и јас ...

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Дозволете да се доискажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само да завршам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не може. Јас треба да се доискажам, па после кажете го Вашиот збор. Ми упаѓате во збор, концепцијата ми ја рушите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Значи Вие, како претседател на Собранието Вие сте овде прв од еднаквите. Значи, доколку сметате дека треба да се јавите за говор, ќе се јавите за говор во процедурите.

Сега јас давам реплика. Треба да се одговори на таа реплика. Вие се уфрлате со Ваше знаење, во име на директорот на Македонската радио телевизија. Ако сметате дека и директор треба да бидете, тоа е ваше.

Меѓутао, јас го кажав тоа дека Комисијата за транспорт и врски го отфрлила ова, меѓутоа таа Комисија е само тело на Собранието. Таму има максимум 10, не знам колку се парламентарци. Останатите до 120 се тука. Можеби имаат тие различно мислење. Така што, ако нешто кажала Комисијата за транспорт и врски по однос на овој Договор со СВРСА, тоа не значи дека ќе биде и ставот на Собранието. Најчесто е така, поради парламентарното мнозинство. Меѓутоа, не им го ускратувајте правото на пратениците да дискутират и да кажуваат тоа што мислат.

Вие сега вака, со Вашето јавување практично упаднавте во ова и сугерирате дека сето ова што се прави е незаконски. Значи, прашањето беше упатено до директорот на Македонската радио телевизија. А, Државната комисија за спречување на корупцијата, како што вие велите, тогаш прави скандал. А, таму како што знам има еминентни правници. Дек амногу ја фалевте, еве минатата власт ја затвора, ја суди, браво, многу е добра, но ако дојде од актуелната, е, во тој случај оваа Комисија не е стручна, нема поим, не знае што работи. Мислам дека е крајно ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Заврши Вашата една минута.

Јас можам сега една минута на Вас, но не сакам да ја водам расправата во врска со тоа, затоа што ако постои начин и метода преку пратениците да се стави точка на дневен ред Извештајот и Барањето на Антикорупциската комисија, јас како претседател тоа нема да го ставам, бидејќи сметам дека со одлуката на Комисијата што е тело на ова Собрание, исто така што има одредени ингеренции, е одговорено на барањата на Антикорупциската комисија. Постојат други начини како може тоа да дојде на дневен ред.

Госпоѓа Којзеклиска има реплика на излагањето на генералниот директор.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе,

Само можам да констатирам дека, со што можеби ќе се согласат а можеби не колегите од позицијата, дека Македонската радио телевизија се наоѓа во катастрофално лоша ситуација во овој период. За она што го зборуваше директорката дека се правеле извонредни напори, не знам, не сум присутна таму да можам да кажам дали се правени извонредни или вонредни напори, меѓутоа факт е дека Македонската радио телевизија на граѓаните на Република Македонија не им пружа, сметам и оној минимум или стандард на ниедна од програмите што треба да ги има Македонската радио телевизија како јавен сервис што ќе биде во служба на граѓаните.

За овој период не видовме никаква програма, нова програма или сопствена програма на Македонската радио телевизија. Можеби она на МТВ-2 “Реалното шоу” тоа е единствено ново создадено, ако така може да се каже дека е некој квалитет во програмата. Останатиот дел од програмата е репризен или е

преземен, што уште еднаш укажува на фактот дека Македонската радио телевизија има сериозни проблеми како финансиски, така и концепциски проблеми.

Меѓутоа, тоа што посебно ме поттикна да реплицирам на директорката Гордана Стошиќ е прво вчерашното нејзино излагање во однос на квалитетот на програмата, со проценти што таа ги кажуваше, пораст на гледаноста, квалитетот на она што го нуди Македонската радио телевизија не треба да се дава во рацете на определени агенции што ќе го мерат рејтингот. Тоа сепак треба да остане право на граѓаните на Република Македонија кои ја следат Македонската телевизија ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска реплицирате за вчера или за сега?

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Еве, за денеска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, за денеска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам многу претседателе.

За денеска, директорката го спомна Фудбалското првенство на Европа. Јас не знам кој од колегите, ако сака да биде искрен оној кој го следел Европското првенство во фудбал, дали некој ја следеше програмата на Македонската радио телевизија или фудбалските преноси се следеа на Хрватската радио телевизија. Со оглед на тоа дека голем број од времето потребно во првото и во второто полувреме, за меѓу паузата не сакам да зборувам, беше покриено со реклами. Значи, ако некој од колегите и сите граѓани во Република Македонија, ако сакаат да бидат искрени, треба да кажат колку ја следеа Македонската радио телевизија во однос на програмите, колку е ќарот на Македонската радио телевизија од рекламите, тоа е веќе друго дваесет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Сега збор има госпоѓа Поповска Лилјана.

(Пратеникот Спиро Мавровски бара збор).

Господине Мавровски Вие се јавивте подоцна.

Добро, по сугестија на секретарот, повелете имате право.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

На колегите пратеници им должиме едно објаснување за Комисијата за транспорт и врски за која што се повикавте и вие, а бевте присутни.

Едноставно, јас не можам да разберам тоа што Антикорупциската комисија го донесе како заклучок и го имаме сите пратеници пред нас, на таа седница господинот Роберто Беличанец, не знам во која улога, настапи како бранител на Македонската радио телевизија. Човекот, колку што знам е од Пактот за стабилност. Тоа едноставно ме натера да нема за што повеќе да говориме и јас, ова што го кажа г. Трајановски, ако во Антикорупциската комисија кажуваме дека во моментот нема експерти и дека сето тоа што го поднесоа е многу различно од тоа што го кажавме, во нашата Комисија јас мислам дека намаме ниту еден правник за да може да каже дали е тоа така или не е така.

Во оваа ситуација мислам дека треба да има судска разрешница. Не можеме таа Комисија од 11 луѓе, Комисија за транспорт и врски, каде што во секој момент 6 луѓе би изгласале било која одлука, од опозицијата сме само тројца, и досега сме гласале против некоја одлука но тоа едноставно поминува и тоа е многу нормално. Затоа, дали оваа треба да се расправа на собраниска седница, јас мислам дека треба. А, случајот треба да има судска разрешница, затоа што ние не можеме да се поставиме во случајов на арбитри и да кажеме ова е во ред, ова не е во ред. Ако беше така, тогаш сите случаеви до сега што се однесувале на некои јавни претпријатија би требало тука во Собранието да се однесуваме како некоја судница и за се што ќе поднесе Антикорупциската комисија, ние да расправаме. Мислам дека тоа е неправедно и неизводливо. Значи, останува, за ова треба да има судска разрешница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во потполност се согласувам со тоа и за тоа има процедури и постапки како тоа може да се направи. Парламентот не е суд. Точно е така. Комисијата имаше правници, немаше правници, затоа се повикани од страна на претседателот на Комисијата за транспорт и врски да се слушнат и други мислења.

Јас не реков дека не се стручни, реков дека никој не е непогрешлив. Со тоа завршивме.

Процедурално збор бара г. Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Јас би сакал да го искажам ставот како претседател на Комисијата за транспорт и врски и екологија по однос на наодите на господинот Мавровски...

(Реакција од страна на пратениците од опозицијата).

Момент, јас би сакал само да дадам, Ве молам бидете малку парламентарни, би сакал само да укажам зошто некои луѓе беа поканети.

Прво, господинот Роберто Беличанец беше поканет да присуствува по однос на извештајот каде што го изложи Извештајот на ОБСЕ по однос на состојбите на медиумите во Југозападна Европа, каде дел е и Македонија. Исто така беа поканети гости на Управниот одбор на Јавното претпријатие, исто така и од раководниот тим на Македонската радио телевизија. Дебатата што таму се водеше по однос на точката по барањето на Антикорупциската комисија за усвојување на заклучоците покажа дека голем дел од наводите не се соодветствуваат со актуелната законска регулатива на Република Македонија.

Зошто г. Мавровски не беше присутен на таа точка, тоа останува отворено прашање ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Тромбев ви истече времето.

Повелете госпоѓо Поповска имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Зиди Џелили.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана директорке госпоѓо Гордана Стошиќ,

Би сакала да се произнесам сосема накусо по однос на две прашања. Едното е за Програмата 103, а друго е во врска со преносите на телевизијата од нашите собраниски седници.

Ми се имаат обратено поголем број слушатели на Програмата 103 со молби за поддршка, со оглед на тоа дека јас лично го делам тој став, би сакала во

свое име да апелирам да се изнајдат начини за продолжување на емитувањето на таа Програма.

Оваа програма повеќе од десет години се емитува на Радиото и таа програма е создадена преку слушатели од различни возрасти. Што е многу интересно таа се слуша и од повозрасни генерации а со текот на времето стекнувала нови и нови слушатели. Така што тоа е една алтернативна програма со една специфична цел на група и токму како таква, како една специфика, како еден посебен феномен кој опстојува толку време во нашава земја, би требало да се одржи. Мислам дека токму на тој начин ќе излезе МРТВ како јавен сервис во пресрет на реалните потреби на едни, би рекла свои граѓани и слушатели.

Инаку, навистина ме чуди како е можно 13 години, ако не се лажам таа програма никој не ја слушал, што до сега бил на чело на оваа куќа и да најдел начин и решение за официјализирање, така да кажам на таа програма. Меѓутоа, тоа во никој случај не значи дека не би требало ние сега да изнајдеме решение.

Се кажува дека не постојат законски и кадровски претпоставки. Јас мислам, со оглед на тоа што ние сме законодавен дом и со оглед на тоа што и колеги од позицијата како Јани Макрадули и колеги од опозицијата како Чашуле или Мавровски, верувам и други кога би се произнесувале и би имале слични ставови, значи постоење интерес и кај едни и кај други за поддршка на една ваква програма, јас верувам, што се однесува до законските претпоставки, тоа би можело да се реши, а од друга страна, со оглед на што го имаме како интернација преку медиумите дека тоа не е програма која . . . , напротив верувам дека би можело и во Владата да се изнајде разбирање за таквите барања на овие слушатели. Значи еден апел да се обидеме да најдеме сеопфатно решение кое трајно ќе го реши, ќе го официјализира постоењето на оваа програма.

Вториот став се однесува на сугестијата што постои во Извештајот, да се размисли за евентуалното прекинување на пренесувањето на парламентарните седници.

Значи второто прашање во кое сакав да се произнесам беше преносот на парламентарните седници преку Телевизијата. Јас во врска со тоа сакам да го искажам мојот личен став и да го реафирмирам ставот на пратеничката група на ЛДП што нашиот координатор уште пред извесно време јавно го обзнани. Имено сметаме дека би требало овие преноси да продолжат и да не се прекинува оваа практика затоа што би било тоа еден лош политички потег да се прекине емитувањето на седниците и да се редуцираат во време кога ние во Собранието се

уште носиме закони кои се од витално значење за Република Македонија и кои предизвикуваат поширок интерес кај граѓаните. Во крајна линија не се работи секогаш за тоа дали граѓаните постојано не гледаат, туку според мене многу поважно е граѓаните да имаат право на избор, да не гледаат и да слушнат што ние мислиме. Така што во период кога ние сеуште ја градиме својата демократија, сметам дека овие преноси треба да продолжат, а понатаму во некој иден период можеби можеме да размислиме за некое редуцирање во една или во друга форма. Имам гледано прегледи од праксата во регионот и пошироко. Точно е, како што се наведува во Извештајот дека има разни пракси, дека некаде тие се или прекинати или редуцирани, меѓутоа, одлука е и политичка одлука на секоја зеја како во која ситуација ќе постапи. Сметам дека за нас , во овој момент на развојот на нашата демократија би било добро овие преноси да продолжат и понатаму.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има некој реплика?

Г-дине Макрадули повелете, имате три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас репликата ќе ја искористам за дообјаснување.

Значи покрај овие мерки што ги кажа во однос на Канал 103, можеби најдобро ќе биде тоа што јас вчера го зборував да се почека новиот закон за радиодифузија каде таму се дефинираат непрофитни радија и тоа е една од варијантите за работа на ова Радио. Но, до тој момент, до одлуката на Владата да се произнесе по точката 6 од минатите заклучоци на Собранието, апелирав јас вчера, да продолжи со работа радиото Канал 103 и да и посакам на пратеничката Лилјана Поповска да ја има вечер во Извештајот на МТВ од работата на Собранието, а како израз на добрата волја дека се спремни да помогнат во радиото Канал 103, а не како вчера игнорантски да се однесуваат кон еден 25 минутен настап на еден пратеник овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Зули Џелили.

ЗУЛИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Изгледа дека станало закон во извештаите за работата или за неработењето да се бараат патеки за да се претставуваат обидите на подготвувачите на извештаите, да се подобри ситуацијата, меѓутоа секогаш мислејќи и убедувајќи се вината да ја префрлат на друга страна. Меѓутоа, фактите и бројките се тие кои говорат за тешката состојба и неспособноста на управувачкиот став за реализирање на ветувањата што ги дале при нивниот избор во раководството на МРТВ.

Извештајот почнува со бројките кои покажуваат загуби. Така загубите без покритие, во текот на минатите години достигнуваат и бројка од 476 милиони денари. Тоа доаѓа од причина на намалениот процент на плаќање на радиодифузната такса што е основен извор за финансирање на дејноста во ЈП МРТВ, што реализира 52,8% од оваа такса.

Во точка 2 од Извештајот гледаме дека загубите констатирани во текот на работењето на МРТВ, само во 2003 година се 127 и нешто милиони денари . Тоа покажува дека загубите во текот на една година се битно зголемени , во споредба со минатата година.

Не сакам да кажувам повеќе во делот на приходите и расходите затоа што јасно се гледа тенденцијата за покривање на загубите кои се големи, на управувачкиот став што сака да го покрие со отстранување од работа на кадрите и со намалување на потребните средства за производство на радиотелевизиските емисии. Тоа не е успех. Ако сакате успехот да го постигнете со жалната состојба на вработените и со отстранување од работа и со намалување на квалитетот на емисиите и со повреда на правото на граѓаните на Републиката, за да се информираат правично, тогаш нешто не е во ред.

Во прилог на нашите тврдење е и јавната констатација направена од страна на Антикорупциската комисија која уште еднаш потврдува дека Договорот потпишан од МРТВ со СВРСА е незаконска и не случајно Антикорупциската комисија му предлага на Парламентот да ја докаже вината на управувачкиот став, конкретно на директорката Гордана Стошиќ и да предложи соодветни мерки за да се поништи Договорот.

Во меѓувреме Одлуката на Комисијата за транспорт и врски е во спротивност со барањата на Антикорупциската комисија што е и доказ повеќе за зависноста на МРТВ кон актуелната коњуктура која владее во државата. Значи образложенијата кои се даваат дека Антикорупциската комисија нема законско право да се занимава со овие работи, го образложува тоа со тоа дека самата владина коалиција ги

именува овие луѓе во оваа Комисија и сега доаѓа во конфликт со истите затоа што им ги открива нерегуларностите.

Нееднаквото третирање и цензурите кои се многу евидентни, направиле опозицијата да нема простор во овој мас медиум, таканаречен државен мас медиум и не често се случува претставниците на опозицијата да се поканууваат на радиотелевизиски емисии во пет до дванаесет. Тоа се прави со цел управувачите, менаџерите на МРТВ да имаат алиби колку да се оправдаат дека и опозицијата била поканета во нивните емисии, меѓутоа тие сами не дошле. Всушност опозицијата е присутна само тогаш кога таа треба да добие удар. Секогаш сте се занимавале со опозицијата, секогаш сте обвинувале луѓе, секогаш, сите негативни страни кои требало да ги препишете на опозицијата вие сте ги трансферирале.

Во продолжение треба да се спомне фактот деак со разни надворешни надзорни фактори, аналитичари на медиумите констатирале еднострaност на уредувачката политика на МРТВ, во прилог на политичките партии кои се на власт.

Во сателитската програма се емитувани се на се 41.440 часа во годината. Меѓутоа, за да биде апсурдот поголем не се емитирала ниту една минута на програма на албански јазик или некој јазик на другите заедници. Значи Македонија на овој начин во меѓународниот етер се претставува како еднанационална држава, исклучувајќи ја реалноста, фактичката реалност која е мултиетничка во државата, нешто што го докажува и актуелниот Устав. Значи МРТВ, како и што го носи името, дејствува како сервис, едностран сервис од секој аспект, посебно и во етнички аспект. Додека и натаму се продолжува со овој начин, дискриминирачки начин, тогаш се поставува прашање од каде сета таа смелост за да се бара плаќањето на радиодифузната такса да биде и од страна на албанците, посебно од тие албанци кои работат надвор, во странство, секако дека тие се многу повеќе по број од македонците. Поради оваа погрешна политика која не е како што треба, која продолжува да живее и после Охридскиот договор, бидејќи се очекуваше да има промени во тој правец, тие се принудени, значи албанците кои се во дијаспората се принудени да се информираат од сателитските мас медиуми на Косово и Албанија, за среќа. Напротив, и покрај стртанските донации сепак квалитетот на програмите и емисиите нема некој исклучок од тоа што било порано. Значи понатаму се гледа како да се работи со техниката и технологијата која е застарена.

Кога сме кај донациите треба да кажеме дека, тоа секогаш сум го земал од Извештајот, таму воглавно се концентрирани во два ТВ канали, иако вториот постои

и непотребно, додека Третиот канал потполно се заобиколува. Значи сите донации се посветуваат на двата ТВ канали на македонски јазик.

Ако се засноваме на табелата која е претставена во Извештајот, не е тешко да се забележи еден факт кој е многу значаен. Тоа и мене ме чуди. Имено, Тетово, Кичево, Гостивар, Струга се градови кои најмногу ја плаќаат радиодифузната такса. Тоа можетге да го забележите и од табелата 6 која е во Извештајот, за разлика од Штип, Прилеп, Кратово каде имаме еден низок степен на плаќање на оваа такса.

Сега да ја претставам сликата на вработените според етничка припадност. Можеби има некоја мала измена, може да ме исправи директорката.

Сликата на вработените евидентирана според етничка припадност во МРТВ е следната: Македонци 1661, Албанци 69, Турци 17, други 9. Кај другите учествуваат Србите, Власите, Бошњаците и Ромите. Со проценти мислам е околу 3%, а можеби и помалку.

Одразот на хонораристите евидентирани врз основа на етнички заедници, во редакцијата на МРТВ е следниот: Македонци 650, Албанци 70, Турци 14 други 15. Оваа статистика јасно покажува како изгледа структурата на вработените во МРТВ и по две години на владеење на оваа коалиција која ветуваше и вети дека ќе го сочува начелото на недискриминација и соодветната застапеност на Албанците во државните органи.

Циркусот кој се развива во овој театар е и со објавувањето на конкурсите и приемот на новинарите, потоа и со нивно отстранување од работа поради неисплаќање на платите и непочитување на договорите од страна на работодавачот, и во конкретниов случај од МРТВ. Инфериорната позиција на Албанците направила жалната состојба во овој медиум да кулминира. Значи се објавуваат конкурси, потоа се отстрануваат за да не им се даваат плати. На овој начин се посакува актуелната гарнитура во ова јавно претпријатие да постигне резултати, правејќи им штети на луѓето. Ја користи нивната услуга и потоа ги отстрануваат од работа. Затоа единственото решение е поднесување оставка од управувачкиот став. На крајто на краиштата тоа е единствениот спас, после целиот овој неуспех. Има едно правило кое вели дека структурите кои имаат неуспех треба да им го отстапат местото на оние кои се професионалци, кои се поспособни, кои можат да управуваат со едно такво претпријатие со цел тоа да покаже резултати во иднина.

За крај, обвинувањата за злоупотреби во минатото. Постојано партиите од власта обвинуваат дека имало злоупотреби, злоупотреба на средства, корупција.

Меѓутоа, ние нема да можеме да ве толерираме, вие четири години да се повикувате на тоа и само со празни фрази, а од друга страна не докажувате дека некој ги злоупотребувал тие средства. И вчера беше кажано едно обвинување дека парите за Третиот канал завршиле во нечии џеб. Прашањето е во чии џеб. Доколку тоа го знаете тоа треба јавно да го кажете и да преземете мерки. До колку не знаете тогаш немојте да ја мамите јавноста дека некој ги злоупотребувал средствата и дека оваа Влада не злоупотребува средства. Ние сега имаме констатација на Антиккорупциската комисија, Вам Ви ја покажуваме вината, а вие воопшто не реагирате.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи Лилјана Поповска, потрпетседател на Собранието на Република Македонија)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете госпоѓо Лилјана Ивановска имате реплика.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам потпретседателке, почитуван колега Џелили, мислам дека заради јавноста треба податоците за радиодифузната такса точно да ги читаме, а не селективно. Прочитавте неколку проценти, но не е фер спрема граѓаните кои ја плаќаат радиодифузната такса да читате само податоци во Тетово, Гостивар и Кичево со јасна тенденција за зголемување на меѓуетничката толеранција, зголемување на тензијата.

Сакам да ве потсетам дека еве на пример за споредба за Берово 23 е еднакво со Гостивар 22 индексни поени. Ваквото искажување на податоците зошто не истакнавте дека во Охрид на пример се плаќа 87,8 индексни поени, во Битола се плаќа 51,7. Вчера во својата дискусија кажав дека плаќањето зависи од подрачните единици на ЕСМ со ефикасноста на наплатата на електричната енергија и мислам дека не е фер не е коректно вакво изнесување на податоци за плаќање на радиодифузната такса врз основа на етнички основ затоа што навистна се зголемуваат етничките тензии на овој начин и не е коректно спрема граѓаните кои ја плаќаат оваа такса и ја издржуваат МРТВ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Навистина јас не ја прочитав целата табела, но сега ми дадовте можност освен неколку градови што ги спомнав да ги спомнам и други како Радовиш, со индекс од 2,1, Делчево 5,7, Кратово 0,1, Тетово 55,7, Скопје 75,3, Кумаово 55,2. Ова се факти и тие што го подготвиле извештајот се согласни со тоа што го кажав.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со дискусија.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Можеби не е толку важно што извештајот за работењето на МРТВ е толку обемен за овој период од една година колку што е важно дека ја отсликува реалната состојба, јас би рекла суровата реалност во која се наоѓа МРТВ.

На јавноста и е веќе позната состојбата во ова претпријатие и бројните проблеми со кои се соочува истото во своето работење и несомнено е дека тие мора да се надминат за да може ЈП МРТВ да ги исполнува обврските и задачите кои му се доделени да ја исполни целта заради која е формирано.

Се разбира најголем проблем во неговото тековно за жал, и идно работење затоа што обично не сум убедена дека тешката финансиска состојба многу брзо ќе се надмине и која не остава голем простор за маневрирање, всушност еден од најголемите проблеми со кои се соочува ова претпријатие.

Меѓутоа, постојат и други проблеми со кои се соочува МРТВ, а која ние обременети и како граѓани перманентно со финансиската состојба не само во тоа претпријатие, туку и комплетно можеби ги занемаруваме. Она што мене ме шокираше во овој извештај се техничко-технолошките капацитети на МРТВ со кои во моментот располага и во име на вистината јас би сакала да ги прочитам за да имаат можност и граѓаните, покрај пратениците, да знаат што да очекуваме со вакви капацитети од МРТВ.

Од 23 камкордери 9 се неисправни. Видео миксерот за вести е од 1974 година и е во критична состојба. Светлото е несоодветно и е набавено далечната 1966 година. Уредите за емитување вести се пред откажување. Четири ТВ програми се емитуваат од само 11 исправни машини, од 12 монтажи 4 се неисправни додека 3 се делумно исправни, а од нив се емитуваат програми на 7 јазици. Неисправен е и видеомиксерот во големата репортажна кола, линковите се стари и амортизирани што се забележува речиси на секој пренос или снимен проект надвор од МРТВ.

Алармантна е состојбата со системот за енергетско напојување на технолошките капацитети, почнуваат да откажуваат технолошките капацитети за студиска продукција на радиото, нема средства за резервни делови, а за некои уреди резервни делови не се произведуваат речиси една деценија и тн. За жал, тоа е реалноста со која треба да се соочиме.

Ова зборува дека континуирано не една година, туку континуирано наназад не се воделе сметка за состојбите во МРТВ. Тоа не е во овој мандат, не е само во претходниот мандат и затоа мислам дека сите пратеници без разлика дали сме позиција или опозиција треба реално да ги согледаме состојбите доколку кај нас нема дилема дека ова ЈП треба да постои и дека нам ни е потребна МРТВ. Во тој случај ќе имаме конструктивни дискусии кои ќе одат во насока на решавање на проблемите, а не еднострани за потенцирање на едни или други интереси од различен карактер.

Не можам да се согласам со некои мои колеги кои сметаат дека нема разлики помеѓу овој и претходниот извештај. За разлика од претходниот во овој извештај не се искажани само проблемите со кои се соочува МРТВ, туку се искажани сериозните напори кои се преземени во изминатата година. Јас ќе потенцирам само некои од нив.

Исплата на долговите за авторски права и со тоа се запрени меѓународните тужби по основ на авторски права.

Започната исплата на долговите на делот на заостанатите хонорари и веќе е исплатена 1/3 од тие обврски.

Исплатени се платите на вработените со задоцнување од два месеци.

Евидентната политика на штедење, благодарение на што строго се контролираат обврските во 2003 година во рамките на расположивите финансиски средства, што колку толку сигурно позитивно ќе се одрази во финансиското работење на МРТВ.

Јас сум убедена дека состојбите ќе беа сосема поинакви доколку ние континуирано како основачи, зборувам без разлика дали сме во овој мандат или во претходни мандати, сме разгледувале годишни извештаи на МРТВ онака како што МРТВ е обврзана со Законот за нејзино основање. Сигурна сум дека ќе беше поинаку доколку од јуни 1999 година наредниот извештај наместо во 2002 година не го разгледувавме во јуни 2003 година и доколку Собранието во претходниот мандат не усвоило заклучоци кои МРТВ ќе била обврзана да ги спроведе за да санира состојби кои очигледно се кумулирани години и години наназад.

Состојбите сигурно ќе беа поинакви доколку Правилникот за организација и систематизација на работните места не беше донесен минатата година. МРТВ до сега работеше по правилник донесен од 1990 година и до сега никој не собрал храброст да направи нов правилник за оранизација и систематизација на работните места. Затоа имаме преработеност, затоа имаме проблеми со кадарот кој евидентно мора да се реши.

Сигурно ќе беше поинаку доколку нашиот однос, зборувам сега како политички партии со МРТВ бил поинаков, убедена сум дека ќе беше поинаку доколку во претходниот период не се отпишани одредени долгови заради тоа што се направени на несоодветен начин.

Убедена сум, оптимист сум, според тоа што ни е дадено во програмата со оглед на тоа што заклучоците што Собранието ги има усвоено минатата година во најголем дел од МРТВ се спроведени. Убедена сум дека ние можеме да направиме и многу повеќе како основачи на МРТВ. Еден чекор би бил што поитно донесување на законот за радиодифуција, еден чекор би бил повеќе поддршка за програмата за трансформација на МРТВ. Меѓутоа, и како политички партии сигурна сум дека можеме да направиме повеќе, во најмала рака, ако ништо друго, да ги вратиме долговите кои политичките партии ги имаат кон МРТВ, а кои се направени во предизборниот и изборниот период. За тоа не можам да се согласам со господинот Коце Трајановски дека тука има обврска само ова раководство, ако сакате, јас сум подготвена да потсетам на обврските токму на овие кои во претходниот мандат се направени од претходниот директор и за кои сметам дека и вашата партија господине Трајановски има голема обврска и голема одговорност.

Значи, имаме ситуација во која евидентно е дека МРТВ е растргната помеѓу долговите кои се акумулирани од претходните години кои се главна причина за книговодствената загуба и покрај евидентно остварената заштеда помеѓу недоволните средства од радиодифузната такса и преработеноста од една страна и желбата за трансформација од друга страна.

И покрај сите проблеми сакам да напоменам дека Извештајот на Стратеџик маркетинг укажува дека рејтингот во првите 4 месеци од оваа година на гледаноста на МРТВ се зголемува и во таа смисла сметам дека раководството треба да истрае и што е најбитно имам впечаток дека има подготвеност да истрае во траснформацијата на МРТВ по европски терк. Да ја направи онаква како што сите ние сакаме да изгледа. Мислам дека за таа цел треба да ја добие нашата поддршка

и покрај меѓународната поддршка што ја има и која е јавно искажана во Извештајот на ОБСЕ. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имаме тројца пријавени за реплика.

Почнуваме со господинот Коце Трајановски, повелете 3 минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас на мојата ценета колешка Грковска би сакал да и реплицирам со оглед на тоа што и директно бев прозван на некој начин. Инаку рече дека и мојата партија кога била на власт направила загуби. Јас го кажав тоа и пак ќе повторам. Кумулирани загуби 476.113.101 денар. До 1998 година 182.595.000 денари од 2002 година наваму 127.363.031 или кумулативно пред 1998 година и по 2002 година 309.958.031 денари или 70% од кумулираните загуби во МРТВ. Значи останатите 30% свесен сум дека ги нема, но секогаш зборуваме за актуелно раководство. Ова раководство е дојдено за да ги надмине тие состојби. Ако ние сме ја избрале директорката да ги продлабочува тие загуби, во тој случај не ја гледам нашата оправданост зошто сме гласале за директор на МРТВ да биде госпоѓата Гордана Стошиќ.

Второ, се собрало храброст да се направи нов правилник и по тој правилник се востановило и тоа е добро и искрено што го кажа госпоѓицата Гркова, се собра да се каже дека се има голема преработеност. Сакам да ви напоменам дека со тие фамозни систематизации, организации, јас сум работел 20 години на систематизација и организација, со тие фамозни нови систематизации вие избркавте повеќе од 2000 луѓе во Република Македонија и сметам дека единствената причина поради новата систематизација е како да избркате повеќе од 50.000, ова е случајна бројка, од МРТВ. Систематизацијата, меѓу другото, најважно се прави како луѓето да се ангажираат во МРТВ, како нивниот капацитет и стручност најмногу да се искористи, а не најстручните кадри да се избркаат во некоја барака, а во меѓувреме да се донесуваат млади луѓе, не реков дека тие не треба да работат, туку на функции или синдикалец со средно образование или финансиски директор за економија. За каква систематизација зборувате, не ми е јасно. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпоѓице Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Трајановски ние како пратеници немаме право на случајни бројки. Ние имаме единствено право да констатираме фактичка состојба и да анализираме зошто е тоа така.

Точно е дека ова раководство на МРТВ има обврска да ги санира состојбите и тоа го прави како што го кажав, меѓутоа, точно е дека проблемите се акумулирани од претходниот период.

Зошто ја спомнав вашата партија?

Во Извештајот за материјално-финансиското работење на ЈП МРТВ за 2002 година вели: Одборот смета да ги наведе и дел од поголемите побарувања што се искажани како приход завршна сметка, меѓутоа, поради фактот што истите тешко можат да се наплатат од причина што за истите не постои веродостојна документација, па во наредниот период ќе мора да се отпишат, што ќе претставува расход веќе во текот на тековната година се вели: ВМРО-ДПМНЕ Скопје 20.520.000 ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓице Грковска. Има и други реплики, па можете да го докажете.

Повелете господине Мавровски имате право на 3 минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас многу често од говорницата слушам една работа дека да се разгледуваше извештајот наместо 1999 во 2002 година се ќе беше поинаку. Ние го разгледувавме извештајот во 2003, го разгледуваме сега 2004 година. Основното кое ние како пратеници треба да го направиме е едно и единствено дали сакаме да имаме МРТВ, дали нешто преземаме во таа насока да промениме или треба да ги разгледуваме извештаите?

Ако сме тука да ги разгледуваме извештаите, јас мислам господа пратеници од позицијата половина период од она за кое сте избрани веќе помина. Вие повторно се враќате на 1999 година, сега ние треба да се вратиме на 1991 година или на 1997 година и да кажеме колку тогаш МРТВ е задолжена, што остави 1998 година, како што кажа господинот Трајановски, апсолутно треба да говориме за нешта дали се разгледувал извештајот или не, тоа е сосема тривијална работа проблемот е во тоа што во тие три или четири години се вложени 8 милиони марки во МРТВ за да се направи нешто. Сега две години говориме за извештаи, говориме

за кумулирани загуби, говориме за она што неможеме да го наплатиме и не правиме апсолутно ништо. Кажавте дека ќе се зголеми наплатата, три пати говориме тука за Законот за радиодифузија, се зголеми од 50,8 на 52,8. Тоа за вас е голем успех 2% се зголеми, па ајде сега ќе ја покачиме претплатата и ќе добиеме повеќе. Вие правите систематизации, ова е факт што го кажа господинот Трајановски дека тие луѓе се распоредени и се поставени луѓе со несоодветно образование и луѓе што не можат да помогнат во натамошниот развој на МРТВ. Заборавате да кажете дека во меѓувреме се распишуваат конкурси за прием на нови луѓе. Сега, колку тие можат да бидат распоредени, колку треба нови да се примат и тоа е прашање. Тоа е таа систематизација што треба да се сработи. Не е така едноставна работа да избркаме толку луѓе, па потоа ќе примиме на нивно место уште 500 луѓе што се наши и ќе ја завршиме работата. Не е тоа тоа.

Овде говориме дали има желба Владата и ова Собрание да вложи средства во МРТВ да добиеме јавен сервис. Ако го немаме тоа дајте да говориме поинаку, а вие тука се враќате ќе биде вака, ќе беше така, апсолутно не држи. Ние можеме да разгледуваме секои 6 месеци извештаи, но што постигнуваме со сето тоа. Поминаа две години, па дали имате желба воопшто нешто да промените во МРТВ освен да ги избркате луѓето кои се вработени помеѓу 1998 и 2002 година. Ете, тоа е основното прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓице Грковска, имате 1 минута.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Мавровски не можам да се согласам со вас дека не разгледување на извештај е минорна работа. Напротив, извештајот ги покажува фактичките состојби и врз основа на тоа треба да произлезат некои решенија од него. Но, ќе беше различна ако ВМРО-ДПМНЕ - Скопје не му беа отпишани 20.500.000 денари, ако на изборниот штаб на Васил Тупурковски не му беа отпишани 4.270.000 денари, ако на Републичкиот изборен штаб на претходниот претседател не му беа отпишани 2.193.000, на СКАЈ, ТИПО - Скопје, Скопски џез фестивал огромни суми и тоа зборува за неодговорно работење во претходниот мандат и ако ова беше во претходниот извештај од 2000 година и 2001 година јас сум убедена дека и претходинот состав ќе излезеше со некои заклучоци со кои ќе го обврзеше претходниот директор да не прави договори односно во најмал случај барем да има документација за договорите што ги правел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Којзеклиска имате три минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам г-дине претседателе,

Јас ќе го повторам, онаа фамозна агенција Стратеџинг маркетинг, како што е наведено во самиот Извештај како релевантно независна институција и една од многуте кои што ја испитувале слушаонста и порастот на слушаноста и рејтингот, меѓутоа едно сакам да кажам, односно ќе го повторам она што го кажав порано. Ниту Стратеџинг маркетинг ниту некоја друга агенција неможе да каже колку е подигнат квалитетот на слушаноста и рејтингот. Тоа единствено може да го каже само граѓанинот. Само граѓанинот може да каже. Испитувањата на Стратеџинг маркетинг апсолутно не се во контекст на извештаојт и,

Второ што сакам да кажам е дека Македонската телевизија согласно извештајот реализира крупни програмски зафати продолжувајќи соработка со Францускиот интернационален канал, сите имаме можност колку француски филмови имаме на Македонската телевизија, Дојче Веле, ББС и други телевизиски центри, значи преземајќи значајни нивни програми како копродукции со неко од нив. Јас копродукција, извинете, не видов. Не видов на МРТВ а што се однесува до превземањето, пак ќе повторам, ние во Македонската телевиија не видовме сопствена програма, или се превземени или се репризирани, што сметам дека уште по негативно влијае на рејтнгот на МРТВ или на граѓаните и во меѓународните институции.

А што се донесува до формулацијата заштеди, кој ги спомна и колешката Грковска, сакам да кажам дека заштедата не произлегува од рационализацијата на трошоците, туку напротив од малиот обем на програмско работење на МРТВ.

Уште, кратко претседателе, сакам само да кажам, во однос на застареноста на побарувањата, расходите биле зголемени, меѓутоа од сознанијата кои јас ги имам мислам дека и директорката на МРТВ ќе се сложи дека директорот на економски работи г-динот Гојко Рафајловски со оглед на образованието кое го поседува и функцијата која ја извршува, директор за економски работи е несоодветна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Којзеклиска.

Една минута г-ѓа Грковска, повелете.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Само кратка забелешка затоа што навистина сум запрепастена од констатацијата дека неможе една институција Агенција која што практички регистрирана за маркетинг и медија истражувања да биде меродавна во однос на рејтингот на гледаноста на сите национални телевизии, не само на МРТВ. Имено Агенцијата Стратеџик маркетинг врши истражувања, меѓутоа во тие истражувања се упатени граѓани на Република Македонија . Агенцијата само ги собира, ги објавува резултатите од таквите испитувања. Значи, тоа што го добиваме како резултат од Агенцијата е всушност коментарот на граѓаните за гледаноста не само на МРТВ туку и на другите телевизии. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Халими, а нека се подготви пратеникот Силмана Бонева.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Благодарам г-дине претседател,

Почитуван директор на МРТВ, почитувани пратеници, ќе се потрудам да бидам краток бидејќи не сакам да се повторувам со неколку претходни говорници, а во интерес на времето.

Бидејќи Парламентот е основач на МРТВ е сосема нормално и обврска на овој дом секоја година да дава извештај до Парламентот за нејзиното работење. Во овој Извештај покрај другото се спомнуваат и потешкотиите со кадарот и финансиските проблеми со кој се соочува оваа јавна институција.

Факт е дека МРТВ иако е основана за потребите на граѓаните за жал сеуште не е на потребното ниво за да ги задоволи потребите и нивните желби иако тие партиципираат во егзистирањето, постоењето на оваа куќа. Ова го велам бидејќи според многу анкети кои се направени со граѓаните МРТВ е помалку гледана во однос со други приватни радио-телевизии иако овие приватни радио-телевизии немаат поткрепа од некоја партиципација од граѓаните.

Јас знам дека МРТВ се поголемата подршка ја има во наплатата на радиодифузната такса и рекламите или разните услуги кои ги врши на граѓаните врз основа на својата дејност, така што самата се финансира со цел за да не биде товар

на државниот буџет. Значи, еден од проблемите кои се јавуваат во оваа телевизиска куќа е во неефикасноста на прибирањето на таксата за радио и телевизија.

Во недостаток на механизимте за да ги приберат средствата од оваа такса и разните реклами се бара решение да се најде во намалувањето на телевизиските канали. Ова го слушнавме од директорот на МРТВ, но и од неколку дискутанти. Покрај другото, дирекорот Стошиќ во својот Извештај посебен нагласок му даде и на донесувањето на Предлог законот за оснивање на третиот канал кој некогаш емитуваше два часа дневно, постигнавме да емитува девет часа програма на албански јазик. Значи, ми остави впечаток дека ова го спомна во негативна конотација зошто требало да се основа уште еден трет канал.

Според директорот и некои други дискутанти треба за доброто на оваа телевизиска куќа, значи од интерес на квалитетот на програмите и емисиите и консолидацијата на состојбата во оваа телевизиска куќа да се намалта телевизиските канали, но без да се елаборира колку канали да постојат и како да се систематизира времето за емитувањето на програмите на македонски јазик, на албански јазик и јазиците на другите заедници.

Што се однесува до третиот канал во МРТВ проблемот е само во неговото екипирање со професионален кадар, нешто што е и обврска на оваа телевизиска куќа да го направи ова, додека во однос на опремата и техниката за подготвувањето и емитувањето на програмите тие се од едно модерно ниво обезбедени од претходната Влада.

Ваша должност е тоа студио со таа подготвеност и опрема која е сопственост на државата наменета на третиот канал да овозможи да се стави во употреба. До колку инсистирате вие и други пратеници во намалувањето на телевизиските канали , значи по секој основ, тогаш поради рамноправноста што ја обезбедува Охридскиот договор и Уставот, поделувањето на времето за емитување на програмите на првиот или вториот канал, зависно колку канали ќе предложите или за колку ќе се определи овој Парламент треба да се направи според процентот на заедниците кои учествуваат во вкупниот број на населението во Македонија.

Сега, да не елаборирам понатаму која заедница со колку проценти е застапена во Македонија, но ова ќе биде една реална и рационална поделба. Колку за илустрација, со претпоставки дека ќе постојат два телевизиски канали со 24 часа, значи би имале 48 часа, бидејќи албанците учествуваат со 25% во вкупниот број на населението, значи би требало да се емитува некаде околу 12,5 часа програма на

албански јазик на тие два канали. Значи ова би било реалното за што јас би се согласил. Секоја друга постапка од ова што јас го реков ќе биде неприфатлива за мене, а верувам и за мнозинството на моите колеги бидејќи нема да има правична и реална застапеност во МРТВ.Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Халими.

Г-ѓа Бонева има уште 10 минути. Дали ќе можете за 10 минути да се искажете?

(пратеникот Силвана Бонева рече дека и е потребно повеќе време)

Добро, тогаш ќе ја прекинам седницава. Во 14,00 часот продолжуваме со работа.

(седницата прекина со работа во 12,50 часот)

(по паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа , повелете г-ѓо Бонева имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, директорке на МРТВ,

Еве веќе втор ден дискутираме за Извештајот кој што е доставен до нас пратениците, а кој што е насловен дека е Извештај за работа на ЈП МРТВ за периодот мај 2003 - мај 2004 година.

Од она што моежв да го видам во Извештајот навистина барам одговор по моето кажување од директорката, за кој период всушност се поднесува Извештајот бидејќи едно е насловот на Извештајот, а сосема друго има внатре, внатре има Извештај за работа на Македонското радио за периодот март 2003 - мај 2004 година со прилози, понатаму Извештај за работата на МРТВ за периодот март 2003 - мај 2004 година. Имаме Извештај за наплатеноста на радиодифузната такса за цела 2003 година и за периодот јануари - мај 2004 година по подружници, за финансискиот резултат за работењето на ЈП МРТВ имаме табеларен приказ Извештај за 2003 година до 31 јануари, табеларен приказ за остварените приходи со Извештај за 2003 година, за остварени расходи за цела 2003 година. Значи, многу шареноликост, различни табеларни прикази со различни периоди, а насловот на Извештајот е мај 2003 - мај 2004 година, значи Извештај за работењето.

Значи, заради тоа, во иднина извештаите кои што ни се доставуваат од МРТВ текстот внатре би требало да соодветствува на името на Извештајот.

Овие два дена од повеќе колеги се зборуваше за загубите кои што се искажани внатре, за тешката финансиска состојба на МРТВ, јас сосема накратко споредбено би кажала дека комулираните непокриени загуби заклучно со 31.12.2002 година, онака како што ни се дадени во прегледите изнесува 348 милиони, загубата за 2003 година, заклучно со крајот на годината повторно ќе кажам е 127 милиони , значи загубите се продлабочуваат бидејќи само за една година изнесува повеќе од 1/3 од вкупно кумулираните загуби се до 2002 година. Бидејќи 2003 година е прва цела година во која што овој менаџерски тим управува со МРТВ, а се кажува дека е тешка финансиската состојба, од друга страна во извештаите гледаме дека вкупниот приход во 2003 година бележи пораст за 7,2% во однос на 2002 година, има мал пораст и во наплатата на радиодифузната такса на 52,8% од 50,8% како и кај приходите од маркетингот кој што се за 21% повисоки во споредба со претходната година, а сепак ни е платено ДДВ во износ од 27 милиони кои се консеквенците за неплаќањето на ДДВ тоа најдобро го знаат граѓаните бидејќи многу брзо ги посетуваат инспекторите со пријавите . Тука повеќе нема да се задржам . Понатаму ќе се осврнам и на тоа колку се намалени хонорарните соработници. Да не има една слика каква е состојбата во МРТВ во однос на 2002 година, и зошто велиме дека загубите се продлабочуваат иако имаме помалку хонорарни соработници од 800 на 300 се намалени. Понатаму, вработените по разни основи исто така се намалени и пак повторно нема плата ниту за редовна исплата на личните доходи, ниту пак за други примања на вработените.

Ако финансиската состојба на МРТВ е толку сериозно влошена како што стои во Извештајот, тогаш навистина неможам лично да сватам како генералниот директор го оправдува потегот што го направи пред 20-тина дена, а на кој што огорчено посочуваат вработените во МРТВ кога го однесла својот раководен колегиум, околу 50-тина луѓе во Хотелот “Метропол” во Охрид да го одржи состанокот на колегиумот на сметка на куќата со дневници, сместувања, исхрана и сл.

И, ако веќе морале да одат до Охрид дали, тоа го прашуваат вработените во МРТВ, не ќе било поарно и порационално тој колегиум да се одржи во Хотелот “ Мак Цвет” кој што е сопственост на МРТВ, наместо да се плаќа скапиот престој во “Метропол”, посебно во услови кога платата доцни по два месеци како што кажа директорот, а вработените тврдат дури и по три месеци. Исплатите на хранарината

доцни и повеќе месеци.И, повторно ќе кажам навистина овој потег на раководството на МРТВ предизвика огромна огорченост кај вработените. Тоа го кажувам само како пример за домаќинското работење на директорот на МРТВ. До колку е така како што велат вработените, ако не е така нека демантира директорката за да не се наруши нејзиниот личен углед.

Што се однесува до програмските шеми на МРТВ во овој период се карактеристични честите и неосмислени турбуленции, промена на термините на некои емисии, воведување на нови емисии за брзо потоа да бидат укинати, продолжување или скратување на програмските појаси префрлување на авторските емисии од ден на ден или од термин во термин и на тој начин се губат слушателите и гледачите бидејќи тие не можат да ги следат емисиите во термините на кои што навикнале.

Ваквите чести промени се несвојствени и контрапродуктивни за сите традиционални медиуми на национално ниво каква што е и МРТВ. По конкретно за овој дел ќе кажам дека од Извештајот навистина неможе да се види во програмата на Македонската телевизија ни што било актуелно, што било по актуелно или најактуелно за Македонската телевизија за извештајниот период ниту за тоа која образовна содржина останала посиромашна, значи за која образовна содржина програмата останала посиромашна, колку и како културно документарно остана посиромашна програмата, дали е произведена  каква таква играна програма, што забава понудила МРТВ на гледачите и многу прашања кои што остануваат отворени.

Немаме одговор за ништо од тоа. Еве, да го прифатиме тоа што е напишано во извештајот од страна на директорката на МРТ и ќе цитирам дел каде што се вели дека “Секторот за културно документарна програма создава и обработува емисии кои се трајни сведоштва на настаните од областа на културата, изворното народно творештво, познатите и недоволно достапни предели на нашата земја. Истовремено се создаваат и своевидни досиеја за поединечни драматични судбини на луѓето во нашето згуснато историско време, портретите на нашите видни современици, како и хероите од маргините со посебни прилози на видео енциклопедијата на оваа земја и дека производството на оваа програма изнесува 1670 часа за 12 месеци”. Што можеме да заклучиме од овој цитат од Извештајот? Единствено тоа дека тоа е само опис на работата на Секторот, а дали може од тоа да заклучиме што навистина е сработено, јас не можев да заклучам, а верувам ниту вие, бидејќи ваков извештај за Секторот за културно документарна програма може да се смести во секоја годишна

програма на МРТ и поништо да не се разликува од година во година, бидејќи не гледаме што е тоа што навистина е сработено. Бидејќи нас не интересира што е тоа што е создадено од еден до друг мај, ме интересира дали имаат тие луѓе со драматични судбини име и презиме, кои наши врвни современици ги портретирале. Ме интересира кои биле овие маргинални херои кои се напишани овде во овој извештаен период или пак сите тие за луѓето кои го правеле извештајот се навистина само 1670 часа на 12 месеци и ние пратениците нема потреба да видиме што е сработено во овие 1670 часа. Дали навистина со тоа се сака да се сокрие нешто зад овие бројки, па ништо друго не се кажува - останува прашањето да го одговори генералната директорка.

Понатаму во Секторот за игра на програма повторно има опис на работните задачи на Секторот за игра на програма и не би го читала цитатот, во него уште е кажано дека годишниот програмски квантун е 3600 часа, од кои 350 часа од сопствено производство. Навистина не можеме да видиме од овие 3600 часа што сте понудиле за овие 350 часа, колку тука има игра на програма, што е тоа што е направено, а со што сте ги пополниле 3250 часа играна програма што не се сопствено производство, туку навистина ги остварувате законските обврски од Законот за радио-дифузна дејност и Законот за МРТВ, како што наведувате, треба да се објасни зошто во многу програмски сегменти процентот на застапеноста на сопствената програма, заради кој процент пред се и постои МРТ, е далеку под законскиот процент на преземената програма.

Понатаму е запишано дека годишно Програмата на Сателитскиотканал на МРТ емитува 4144 часа програма, а во првата ваша реченица на извештајот стои дека сателитскиот канал зрачи 24 часа. Ако зрачи 24 часа, тоа значи дека во ова што го нарекувате извештај ви недостасуваат цели 4616 часа, затоа што со сите 24 часа дневно годината има 8760 часа.

После историскиот 15 септември 2002 година, по кој стана генерален директор г-ѓта Стошиќ и главен уредник на Македонската телевизија, се воведе на првиот и вториот канал на националната ТВ куќа Вести на секој час. Понатаму, централниот дневник стана 15 минутни вести, па потоа получасовни вести па сег Дневникот пак е Вести, но со минутажа како и во мандатите на пртходниците. На вториот канал воопшто ги нема вестите како што беше и претходно. Навистина толку често се менуваат шемите што гледачите навистина не можат да ве фатат ниту за глава ниту за опашка.

Сакам да се наведе кои и колку ТВ програми, односно колку ТВ драми имате снимено во речиси половина од вашиот мандат, г-ѓо директор, колку ТВ серии за деца, а колку за возрасните и посебно колку нови продукции имавте по повод големиот Илинденски Јубилеј како национална Македонска телевизија. Само повторно немојте да не уверувате дека за отсуството на такви проекти вината е во затекнатата лоша материјална положба на МРТ, зашто и тие што беа пред вас не ја наследија Македонската Радио-телевизија од нивните претходнци а ваши сопартијци со полно конто, туку напротив.

Јас незнам зошто толку многу се набавува програма, а зошто толку малку се произведува. Дали затоа што производството е трошок и ангажман на своите вработени, а од тоа некои луѓе не можат да имаат корист, додека набавките се сосема спротивното, набавките се профитабилна категорија. Треба да и се објасни на јавноста и за тоа кога ја спомнувате Агенцијата СВРСА зошто толку најавуваната и фалена Опра Винфри, односно шоуто на Офра Винфри без никаква одјава оддеднаш го снима од даденит термин туку така. Замислете, почитувани дами и господа, доколку е вистина тоа што го кажуваат луѓето од Македонската телевизија, доставувачот на ова шоу немал лиценца, а, националната ми телевизија заортачена е токму со тој добавувач и веќе емитувала еден добар корпус на епизоди. Јас се прашувам кј ќе ја плати штетата ако продуцентот покрај тоа што побарал симнување на емитувањето побара и обештетување за веќе емитуваното, дали тоа ќе биде СВРСА, дали тоа ќе биде Македонската телевизија или пак гледачите.

За напливот од “сапуници” кои со лиценца или без неа ги набавуваат добавувачите на Македонската телевизија, само оној што не сака да гледа само тој нема да види кој е тука интересот и зошто повеќе се милуваат ваквите “сапунци”, отколку сопствените креативци и творци, а за тој наплив вие тврдите, г-ѓо директор дека ненарушувајќи го просторот на програмската шема оваа програма се дистрибуира во разни програмски појаси. Емитуваните серии се со должина од 30, 50 и 70 минути и тие зафаќаат 31 термин во неделата на програмите на Македонската телевизија или 34,74 часа. Меѓутоа, само за пример ќе кажам дека и ова не е точно, бидејќи една неделна шема за периодот од 27 март до 2 април 2004 година, можете слободно да проверите и да пресметате, со се сериите ќе видите дека Македонската телевизија има не 31 туку 73 термини, што премири, што репризи, односно вкупно неделно не 34 туку повеќе од 51 час. Со ваквиот енормен наплив на сапунски и други слични содржини, Македонската телевизија се повеќе наликува на некои други емитерии на ТВ програма во Република Македонија, а се

помалку го има својот сопствен лик на Македонска телевизија. Зарем ова не ви кажува доволно, дека наместо да се надградува сопствената шема и програма, Македонската телевизија се повеќе се изместува во други шеми што треба да бидат за неа сосема туѓи.

Се вели дека програмата на Македонската телевизија - се зголемила гледаноста на програмата, а не кажувате што е тоа што е најгледано. Зошто тоа не се наведува? Дали повторно не се овие сапунски серии најгледаните на Македонската телевизија?

Почитувана госпоѓо генерален директор, вие сте сепак директор на една национална куќа а не сте сопственик на ТВ дуќан кој што треба да ги затвора очите пред она со што не се согласува, а верувам длабоко во себе дека не се согласувате, а сето тоа заради гледаноста и профитот го правите. Сметам дека не е оправдано, бидејќи ќе повторам МРТ е национална куќа, а за оние кои треба да профитираат од вакви серии, вакви сапунски серии, има профитабилни куќи кои работат во Република Македонија, меѓутоа, кои не ги плаќаат граѓаните туку се покриваат од рекламите.

И сосема на крај, навистина, што можеме да констатираме од Извештајот што е пред нас, дали навистина МРТ работела успешно во претходниот период. Не можам навистина да кажам дека работи успешно, бидејќи ги продлабочува загубите, програмски, кадровски и материјално не можеме да кажеме дека сме задоволни, а имше доволно образложение за тоа. За тоа дали работи законски менаџерскиот тим беше кажано веќе каков е ставот на државната комисија за спречување на корупцијата. Јас нема да ги читам заклучоците, меѓутоа, се надевам дека за доброто на МРТ и за угледот на Генералниот директор најдобро ќе биде ова навистина да се расчисти не само овде со зборување во Парламентот, туку и пред суд, за да видиме конечно што е вистината. Дали со овој извештај може да се види дека се работи за доброто и напредокот на куќата, навистина од извештаот тоа не можев да го видам. Тврдење е на голем број вработени, но не на сите, меѓутоа, на голем број со кој разговарав и кои во текот на целата година испраќаат разни дописи до нас пратениците. Нивно тврдење е дека се уништени сите профитни центри, музичко касетната продукција, оркестрите, фестивалите, програмите за млади деца, радио-драмата, фоно документацијата и навистина од сето она што е напишано и што го кажавме како опозиција не можам да кажам дека ова е извештај за успешно работење на МРТ, односно менаџерскиот тим на МРТ и затоа нема да го поддржам овој извештај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодам г-ѓо Бонева.

За збор се јави генералниот директор на МРТ.

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Повторно се јавувам со една мала интервенција да не ги мешаме работите. Веројатно се заборава на некои законски одредби. Јас сум генерален директор на МРТ, но за разлика од некои поранешни не сум главен уредник. Директори и главни уредници има и на Радиото и на Телевизијата. Тоа се господата што се избрани леглно на Управниот одбор по Статутот на МРТ што е од ова Собрание во минатиот состав, некаде 1990, 2000 година, каде што точно се разграничени улогите и надлежностите на генералниот директор како некој кој е менаџер и на главните уредници и директори на Радиото и Телевизијата.

Тоа што госпоѓа Бонева го читаше не е извештај на МРТВ, тоа е прилог кон извештајот и тоа е извештај на Македонската Телевизија. Јас не гледав ништо лошо пратениците во прилог на извештајот за работата на ЈП МРТ да си ги добијат и извештаите на секој од организационите делови и во иднина мислам дека тоа треба да се практикува, исто така, како што извештаите ќе бидат објавени на Веб страницата, и ќе бидат отпечатени во книга, и ќе бидат доставени до ЕБУ интн.

Апропо квалитетот, колку е емитувано и што е емитувано, еве, јас преземам обврска со овие забелешки на пратеничката, во име на дел на вработени, да ги доставам до трите инстанци одговорни за уредувачката политика во Македонската телевизија, тоа се директорот и главниот уредник, Програмскиот колегиум на Македонската телевизија, и Програмскиот совет на Македонската телевизија, кои вакви забелешки ниту добиле ниту имаат. Нема оценки едноставно за кои се разговара овде. Јас разбирам, јас претпоставувам г-ѓа Бонева по професија е нешто слично на мене, бидејЌи гледам дека поседува огромни познавања во врска со производство на ТВ програма. Сепак, не си дозволувам, ако 30 луѓе кои се експерти за уредувачката политика на Македонската телевизија кажат дека тоа не е току катастрофално, сепак од позициј на генерален директор, кој сепак има некакви поинакви овластувања не си давам за право да заклучам дека е баш толку катастрофално.

На крајот би сакала, ако е тоа крај на дискусиите, почитуван претседателе, да одговорам и на некои други дилеми и прашања што се појавија тука. Тоа со загубите,

упатувам и мислам дека на 13-тата страница стои образложение како дошло до тоа и упатувам дека за разлика од сите претходно, ние секоја година доставуваме извештај, има точен список на загубите во извештајот од минатата година. Не мислевме дека треба секоја година истите прегледи да ги доставуваме, посебно што се работи на расчистување на загубите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Михајловски, вие имате реплика на г-ѓа Бонева.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Реплика на почитуваната колешка Бонева.

Епилогот на целата нејзина дискусија на крајот се сведе на тоа дека опозицијата не била задоволна од извештајот или барем не го оценувала како извештај. Да се разбереме, овде разговараме за општ интерес, јавниот сервис не го делиме ниту на позициска ниту на опозициска реакција овде во Парламентот. Ние зборуваме за еден извештај според кој она што е основна поента, дека е започната трансформација, бараме решение како Парламент како да најдеме излез од оваа тешка економска состојба. Ако загриженоста е толкава на едниот и другиот табор да се двоиме овде во однос на јавниот сервис, нека каже колешката Бонева дека има неплатен долг од 20 милиони денари, од рекламите. Тоа е половина личен доход на МРТ, тоа не е наплатен долг, по судовите се влече и кој знае колкава ќе биде каматата.

Исто така, не е разбрана поентата во однос на тоа дека сондажите на јавното мислење покажуваат дека полека се враќа угледот на МРТ. Тоа не е лично мое мислење.

Исто така, сопствената продукција во последно време - јас зборувам како стручњак бидејќи 10 години водев едно локално радио - има нагорен подем во последно време. Тој подем треба да се охрабри.

Друго, да не се заборави дека за започнатиот процес на трансформација му требаат 3 милиони евра во старт како да се обнови техниката. Со необновена техника, со немање на една дописна мрежа во странство, сега особено во моментот кога аплицираме кон Европската унија, со немање на регионални информативни центри, со немање на  дигитализација, со немање на компјутерска техника и со немање на телетекс, таа телевизија не може да оди напред. Што значи, поентата е,

како ние врз основа на поднесената програма за трансформација во Владата и тука да донесеме практични решенија како да го подобримене само угледот, туку да направиме македонски профил на јавниот сервис. Колешке Бонева, тоа е интересот , а не да се двоиме на лева и на десна страна, интересот е заеднички и не разбирам зошто би се двоеле во однос на единствениот јавен интерес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, сопствената продукција, ако ја земете при Европскиот парламент е за илјада посто покачена.

Повелете госпоѓо Бонева имате право на две контрареплики.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Она што го кажа колегата, најпрво не го разбра она што јас го дискутирав , а за тоа дали е рентабилно работењето на МРТВ, ако расправаме за тоа, ако таа е национална телевизија можеме да разговараме и за тоа дали треба да правиме национални загуби и како може да се излезе од таква национална загуба, дали треба да оди во стечај, тоа е веќе дискусија во друг правец. За тоа дали се враќа угледот на МРТВ помеѓу граѓаните, повторно ќе кажам, не е кажано кој е процентот на гледаноста на МРТВ за кои програми, дали сапунските серии што се даваат на телевизија се тие кои што се најгледани од страна на граѓаните. Значи, тука мора јасно да разграничиме, или пак сопствената продукција на МРТВ. Општ интерес е на граѓаните, бидејќи тие плаќаат да имаат квалитетна програма од сопствената продукција на МРТВ, бидејќи нема од кого да чекаат граѓаните да произведе нешто ново што е од национален интерес, како што спомнав за јубилејот, Илинденскиот јубилеј, што е тоа што го направи МРТВ. Бидејки граѓаните плаќаат за да имаат сопствена национана телевизија.

Во однос на тоа што кажа госпоѓата генерален директор, дека таа не е уредник. Да, вие не сте уредник на МРТВ, меѓутоа вие сте одговорна за севкупното работење на МРТВ и за тоа што нуди Македонската радио-телевизија на граѓаните, како што овде го браните интересот на куќата, меѓутоа од друга страна ние како пратеници треба да го браниме интересот на граѓаните. Ако вие велите дека 30 луѓе од Колегиумот ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Заврши ја вашите две минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Имам втора реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминаа две минути.

Има збор г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе. Кога се зборува за МРТВ и кога се слушаат сите вакви констатации, јас добивам само еден впечаток. Навистина Македонската радио-телевизија се наоѓа во ужасно тешка состојба од секаков аспект. Факт е дека Собранието на РМ и ние како пратеници тука не можеме со оваа расправа да ги решиме тие проблеми. Ние можеме да дадеме поддршка за решавање, можеме да донесеме , законски проекти кои што ќе влијаат на подобрувањето на тие состојби, или на драстично реформирање на позицијата на Македонската радио-телевизија, меѓутоа ние со прифаќање, или неприфаќање на Инфорамцијата за оваа состојба апсолутно не влијаеме со ништо на подобрување, или неподобрување на состојбите во Македонската радио-телевизија. Меѓутоа, добро е што вака јавно можеме да кажеме какви се состојбите во Македонската радио-телевизија, што можеме вака јавно во една парламентарна расправа, демократска расправа да размениме ставови , да размениме аргументи и мислења за тоа што и како понатаму и зошто досега не се презело нешто што би значело подобрување на состојбата на Македонската радио-телевизија.

На самиот почеток на овој Извештај стои една фрапантна бројка , неплатени финансиски обврски на Македонската радио-телевизија во износ од околу 9 милиони евра. Значи, 9 милиони евра треба на доверителите да им плати Македонската радио-телевизија. Праање е, од каде? Меѓутоа, не само од каде. Прашање е како издржуваат тие доверители да чекаат да ги наплатат овие 9 милиони евра, независно кои се, дали тоа е Електростопанство на Македонија, или некое приватно претприајтие, или незнам кој друг субјект, или некој за плата што чека, или некој друг кој што по договор е ангажиран за да изврши некои услуги за Македонската радио-телевизија, факт е дека 9 милиони евра не им се платени на сите тие кои што дале некаква услуга, или продале одредена стока на Македонската радио-телевизија. Како сакате да функционира во ваква состојба Македонската радио-телевизија? Тука не се работи само за раководниот тим , раководниот тим може да бара од Владата од Буџетот да ги покрие овие средства, може да бара и од

Парламентот да даде подршка за Владата да ги покрие овие средства и од утре пак почнуваме со истата динамика, пак почнуваме со нови загуби, пак почнуваме со продуцирање на нови долгови до следната наша одлука Владата од Буџетот да ги покрие тие новонастанати обврски кои што ќе настанат од Македонската радио-телевизија. Значи, целта на нашата дискусија треба да биде решавањето на статусот на Македонската радио-телевизија и долгорочно позиционирање на Македонската радио-телевизија како јавен сервис, како државна телевизија која што ќе има стабилно финансирање, која што ќе ги намали своите трошоци на минимум во работењето, меѓутоа и телевизија која ќе продуцира квалитетна програма. За ваква македонска радио-телевизија ние треба да зборуваме. Исто така, не наплатени побарувања кои што ги има Македонската радио-телевизија изнесуваат околу 2,5 милиони евра. Ако имаме една ситуација во која што овие побарувања исто така тешко можат да се наплатат, или се наплаќаат на еден подолг период кој што нема некое дирекно влијание врз тековното работење на Македонската радио-телевизија, факт е дека ова дополнително ја усложнува работата на оваа куќа и факт е дека сите овие бројки кажуваат само една работа, дека било која нормална фирма која што работи во економијата, во стопанството со вакви бројки многу тешко може да опстане. Затоа, ова е алармантна ситуација. Имаме алармантна ситуација во која што се наоѓа Македонската радио-телевизија, а никој не презема ништо долгорочно, квалитетно и системски да го реши овој проблем. Што сакам да кажам? Сакам да кажам дека Македонската радио-телевизија треба да има статус кој што ќе биде дефиниран со закон, треба да се донесе законот за радиодифузија во кој што ќе бидат дефинирани и позициите на останатите, односно трговски радиодифузни друштва. Значи на полето на информриањето во РМ ние немаме регулирани односи.

Од друга страна во оваа Инфорамција многу јасно ни се кажува една последица да кажам од такви палијативни законски решенија, а тоа е финансирањето на Македонската радио-телевизија ќе го врши Електростопанство на Македонија прекусобирање на радиодифузната такса која што не е утврдено дали е наметната на викендички, дали е на куќи, дали е на нешто друго, па таа радиодифузна такса зависи од наплатата на електричната енергија, па дирекно се одразува и на работењето на ЕСМ , затоа што оние што не сакаат да плаќаат со радиодифузна такса, не ја плаќаат ни електричната енергија и наместо еден проблем, се создаваат два, три, или повеќе други проблеми. Кога зборуваме за висината на таа радиодифузна такса од која што зависи износот на средства кои што

треба по тој основ да се собираат, исто така се појавува еден друг проблем. Имаме кабловски телевизии и тука треба дополнително да се регулира тој статус каде што исто така се наплаќаат услугите. Има многу ситуации во кои што може да се види дека ние само дискутираме за работи колку да оцениме, или да констатираме одредени состојби, меѓутоа не прифаќаме на ниеден начин да преземеме нешто суштинско во вистинска смисла реформско за да с енадминат овие состојби. Ние имаме повеќе пати зборувано дека  Македонската радио-телевизија е политизирана заради тоа што Владата, или  парламентарното мнозинство го поставува директорот. Тоа било  одсекогаш и сега е така, дека тоа е случај и со Македонската -телевизија и со Македонското радио, дека треба да има еден посебен канал каде што треба опозицијата да именува сопствени кадри за да има различност на мислење и т.н.. Има многу предлози во таа насока. Меѓутоа, факт е едно, нема пари за да функционира сето ова.  Залудни ни се овие дискусии, ако немаме со што да реализираме активност, или функционирање на тој систем.

Зборуваме дека имаме потреба од посебни емисии за етничките заедници кои што претставуваат под 20%. Со право луѓето сакаат да имаат свои програми. Меѓутоа, тоа не може да биде, сега Парламентот му сметал на етничките малцински заедници и затоа  преносот од седниците на Парламентот требало да не се емитува , затоа што немало пари и незнам што друго да се направи. Или ако треба да се реши прашањето на програма на албански јазик, тоа треба да се реши и од финансиски аспект и од кадровски аспект и од материјален аспект за функционирање на тој канал, а не тука да фрламе пароли, ние правиме се што е во наша моќ да има програма на албански јазик и дека незнам ДПА сака повеќе, ВМРО биле националисти тие не сакале, или незнам , СДСМ биле толку добри и тие со акламација го прифаќаат презентирањето на трет канал на Македонската радио-телевизија на албански јазик. Значи , суштината не е во тие политички демагогии кои што се зборуваат од една, од друга, или од трета страна, туку суштината е во создавање на здрава основа на Македонската радио-телевизија како јавен сервис во кој што ќе бидат инкорпорирани сите овие барања и на етнички заедници и на Владата на РМ и на Парламентот како основач на Македонската радио-телевизија. Само на тој начин и со таков пристап можеме да сметаме на некаква иднина на Македонската радио-телевизија. Инаку, ќе имаме уште многу ситуации во кои што ќе гледаме распаднати простории, немање на опрема која што апослутно не може да одговори на потребите на современото информирање преку телевизиските куќи, ќе имаме кадри кои што се квалитетни, а кои што ќе бегаат од Македонската радио-

телевизија заради тоа што некаде ги плаќаат подобро, или имаат подобри услови за работа, или каде што можат на подобар начин да ги искажат своите квалитети, па од друга страна заради одредени партиски и кадровски решенија ќе имаме неквалитетни кадровски решенија кои што ќе значат само послушност кон одредена политичка партија, а не квалитетно однесување во работењето, па ќе имаме реваншизам затоа што во претходнито состав во Македонската радио-телевизија имало кадар кој што бил од ДПА, па сега требало да дојде од ДУИ, или од ВМРО-ДПМНЕ, па сега треба да биде од СДСМ, па ќе има реваншизам, професионалните новинари кои што размислуваат на свој начин ќе бидат отстранувани од Македонската радио-телевизија, ќе се склучуваат договори кои што ќе значат преведување на сапунски серии во 300, 600 или 900 епизоди, затоа што нема програма која што ќе може да се покрие во целиот тој период и на тој начин ние како Парламент нема да зборуваме за Македонската радио-телевизија, туку за една состојба од која што нема излез. Значи, од сите овие работи кои што сакав да ги кажам и кои што ги кажав сметам дека дискусиите кои што досега беа кажани, не е работава некој да се правда и да каже дека порано беше малку полошо, сега е малку помалку лошо, или исто лошо, или не е работава да кажеме: ние работевме многу убаво, сега вие не работите воопшто добро, или работите подобро. Каде е Македонската радио-телевизија и на крајот на краиштата колкава е нејзината гледаност? Дали има логика во 11,30 часот навечер да се даваат детски емисии на турски јазик заради тоа што тие емисии мораат да бидат емитувани заради застапеноста на емисиите на етничките заедници на програмите на Македонската радио-телевизија. Значи, се работи за нешто што апослутно нема логика, нема начин со ваков пристап да се реши ова прашање. Сметам дека овие бројки овде коишто ги имавме, начинот на поставеност на Македонската радио-телевизија, активноста на здруженијата на новинари кои што на времето беа многу бучни со свирчињата кога настапуваа, сега ги нема, многу слабо ги слушаме, или се јавуваат во функција на одбрана на одредени структури, извештаите од меѓународните институции за неслободата во информирањето во РМ и т.н. претставуваат доволен индикатор сите заедно да го ставиме прстот на умот и да почнеме реално да ги поставуваме работите, ако сакаме иднина на Македонската радио-телевизија и ако сакаме иднина на Репбулика Македонија. Затоа што секаков друг начин значи самопролонгирање на проблемите кои што создаваат нови, ѓубрето се става под тепих, меѓутоа тоа стои. На тој начин само се создава поголема прашина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не би сакал јас да направам коментар од сличен аспект, дека сето тоа е точно, само предлог не слушнавме.

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, еве јас користам прилика накратко да се произнесам по однос на Извештајот за работењето на Македонската радио-телевизија за периодот од мај 2003 до мај 2004 година. Она што мене вака како лаик , бидејки многу не се разбирам од оваа материја, меѓутоа како лаик она што можам да го забележам е тоа дека Извештајот навистина е доста богат со бројки и букви. Овие бројки претежно се негативни. Она што на прв поглед секогаш може да се забележи покрај оној табеларен преглед може да се дефинира со еден збор загуба и загуби, тоа е во континуитет. Значи, она што успешно е сработено тоа е дека опстоивме во загубите. Сега за некого е успех , значи оваа година 2003 според некого направивме помалку загуби, така ќе каже можеби директорот. За некого е успех што загубите претходната година можеби биле поголеми од оваа , или обратно. Меѓутоа, кога ние зборуваме за загуба, самиот поим загуба, или негативно работење не може да биде во никој случај успех. Сега не би биле ние граѓани на РМ , или балканци, или како сакате крстете не доколку во неуспесите наоѓаме успеси. Тоа ќе го слушаме на 26 .06.и понатаму , меѓутоа сега кога зборуваме за Македонската радио-телевизија ние сме махери да кажеме дека неуспехот е успех, можело да биде и бетер. Благодарение на госпоѓата Гордана Стошиќ, можело да биде и бетер. Мислам тоа е оправдувањето од сето она што овде го слушам. Еве, г-динот координатор на СДСМ, сега така довикна , зборувате, ама кажете решение. Еве, јас ќе предложам решение. Од овде ќе упатам еден предлог, или апел до Владата , да речеме јавниот сервис Македонската радио-телевизија да го стави на списокот на загубари. Сооглед дека вакви загубари во континуитет секоја година Владата правеше програми, па врз основа на тие програми делуваше така како што делуваше, па имавме програма за санирање, за незнам што, па после дојдовме до програма , или продај го, или ликвидарај го и т.н. И така се решаваа сите загубари како што се решија. Самиот податок што можеби Македонската радио-телевизија би влегол во список на загубари, би можеле да преземеме разни санациони мерки и т.н. Збачи, позната е таа работа. А со оглед дека од сето она што го ислушавме, од сето ова што гопрочитавме во Извештајот, состојбата во Македонската радио-телевизија е таква , слушнавме и од колегите и

од директорот од 1970 година наваму од техолошко-технички аспект апсолутно неизменета и не можам да сватам, ниту да си го објаснам дека со таква техника и со таква финансиска состојба во иднина, или од утре ќе се смени состојбата во работењето на Македонската радио-телевизија.

И следната година почитувани колеги, ќе разгледуваме еден ваков ист, можеби сличен, можеби полош извештај, каде што исто така ќе имаме загуба. Е, тогаш ќе го споредиме со 1998 година или со некоја друга, до колку е помала загубата, но и тогаш ќе кажеме дека сме махери, затоа што загубата да беше некој друг, сигурно ќе беше поголема. Заради тоа, можеби решението е да се стави на списокот на загубари. Тоа е она од финансиските, да не се расправам многу со бројките, овде се доста искажани, ги кажуваа и колеги кои се многу постручни од мене, да се вратиме на делот на гледаноста на МТВ.

Јас, почитувани пратеници, искрено не знам на кој канал да стигнам на телевизија кога сакам да гледам МТВ, не знам на кој канал се наоѓа, зашто многу често го гледам. А, верувајте дека таква е состојбата и кај многу граѓани, затоа што немате ништо да гледате. Нема нешто што би ве привлекло за да гледате на МТВ. Бидејќи, пишува овде во Извештајот, нема производство, сега не навлегувам во причините поради што нема сопствено производство, новата уредничка политика што ја воведе МТВ тргна од податок, бидејќи немаме што да произведеме, бидејќи нема што ново да понудиме на граѓаните, ајде да му сервираме вести на секој саат. Не, на секои два саати, па ќе правиме шема, половина часа е многу, ќе смалиме на 15 минути, потоа дојдовме до ситуација дека 15 минути се многу, па како врвеше времето од 15 септември наваму, видовме дека оваа Влада нема што да понуди, нема што да се сработи и нема што да се каже на вести и стана очигледно страшно досадно. Меѓутоа, тоа беше цел да се пополни со она што немаше со што друго да се понуди. Потоа, мораше брзопотезно да се менува, па да се прекрстуваат во вести, во дневник, ударниот дневник во 20 часот кој трае 15 минути, па половина час. Меѓутоа, како и да е, ако некогаш, колеги пратеници сте гледале, сте имале прилика да гледате вести или дневник на МТВ, ќе се уверите дека немате ни зошто да го гледате. Да се најдете во позиција на обичен граѓанин и слушајќи ги тие вести, тој дневник, ќе видите дека во Македонија состојбата е идеална. Значи, дури и не ни е потребно да слушаме вести, оти е толку добро, зашто постојано ја слушаме владината политика, ама претставена во едно друго светло. Ја немаме онаа критика, ја немаме опозицијата да ја слушнеме што ќе каже. Таму се воведуваат

дебатни емисии каде што ќе има некој претставник од опозицијата, ама нему ќе му сервираат уште двајца - тројца професори и еден претставник од опозицијата, така што опозицијата ќе биде со бројка застапена и во таа емисија од саат време ќе зборува пет или 10 минути. Така што, сите тие емисии наликуваат на една страшно ужасно досадна работа, па заради тоа гледаноста е таква каква што е. Сега, ќе се повикаме на некои извештаи дека гледаноста се зголемила, меѓутоа објективната вистина е таа. Дали се сеќавате еве во оваа година во овој извештај, во период која нова серија сте ја виделе на МТВ. Потоа, некој понов филм, некоја наша емисија и тн., детска, драмска или хумористична. Јас лично не памтам, иако не ја гледам толку често, меѓутоа од она што го слушам, оваа е состојбата.

Се зборува во Извештајот дека наплатата на радиодифузната такса е зголемена за два и не знам колку посто. Само да ве потсетам, тоа не значи дека граѓаните се стрчаа во оваа година да појдат и да платат радиодифузна такса, но тоа треба да се поврзе, да им биде јасно на сите, дека е тоа последица со оној закон, кој што се донесе во Собранието, каде што наплатата од радиодифузната такса се врза со наплатата на електричната енергија. Тоа е тој процент на зголеменост. Меѓутоа, на сите да ви биде јасно и сите да бидеме свесни дека состојбата со наплатата на радиодифузна такса се повеќе се драматизира. Само да ве потсетам зошто.  Токму заради податокот што радиодифузната такса се плаќа заедно со електричната енергија. Дали вие почитувани колеги, знаете колку граѓани во Република Македонија немаат платено електрична енергија. Дали вие почитувани колеги знаете дека  во последните недела или две колку граѓани на Република Македонија се исклучени од мрежата на Електростопанство и дека таа акција продолжува и понатаму. Дали знаете колкава е наплатата на електричната енергија, а тоа автоматски зборува и за наплатата на радиодифузната такса.

Вотор, ако граѓаните се задоволни од програмата, од гледаноста и од друго од МТВ, ајде тогаш да ги разделиме наплатата на електричната енергија и радиодифузна такса да биде како што е по закон регулирано, такса која што трехба да се плаќа, независно од се друго. Тогаш ќе видите колку објективно е задоволен граѓанинот на Република Македонија и колку се со сопствена волја да платат радиодифузна такса. Значи ние не треба да го тераме граѓанинот со некакви принудни решенија, туку навистина ако има некаква програма која ќе го заинтересира ако биде задоволен, нормално и ако стандардот му дозволува, сам да го плати тоа што го има како обврска. Тоа е едната димензија.

Втората димензија, ако го земеме во насока податокот дека секој ден во РМ се зголемува бројот на невработени, сиромаштијата во РМ од ден на ден расте. Не можете вие, почитувани колеги, па и почитувана директорке, да очекувате дека радиодифузната такса ќе биде зголемен процентот на нејзината наплата. Напротив, не зборувам за зголемување на износот на радиодифузната такса, зборувам за наплатата на тој износ. Значи, ќе се изнаоѓаат разни форми, како што и се наоѓаат, за да се избегне плаќањето на радиодифузната такса. Јас ве уверувам било што да правиме како Собрание, не како законодавен дом во насока на тоа, со не знам какви ригорозни мерки да го натерате граѓанинот да ја плаќа таа такса, нема да постигнете ефект. Затоа што, одговорот е многу едноставен, нема од што да се плати. Нема. Имате 400 илјади невработени, па нему не му дошло да гледа телевизија, туку нему му треба да има работа, што е сериозен проблем. Е, сега, што да правите, не знам, вие сте Влада.

По однос на гледаноста на МТВ, можам само едно да прифатам дека навистина можеби во овој период од мај 2003 до мај 2004 година има некоја причина, да речеме, зошто некаде се зголемила гледаноста. Претседателе, вака, вас лично ќе ви се обратам, може она што го кажува извештајот на МРТВ односно МТВ, може лично вас да ви се заблагодари. Вие сте најзаслужната личност зошто гледаноста е зголемена на МТВ. А, еве ќе ви кажам и зошто. Во тој период некаде декември месец се случија историските маратонски седници, за кои што вие тогаш станавте претседател, а нормално и заради опозицијата. Сакам да ви кажам една работа, прв пат во Република Македонија граѓаните седеа до сабајле и гледаа МТВ. Меѓутоа, мора да потсетам...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Шегата ја прифаќам и повелете продолжете понатаму.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Меѓутоа, морам да потсетам, граѓаните не гледаа за тоа колку ние бевме интересни, туку граѓаните ја гледаа битката што се водеше внатре во Собранието преку нас избраните пратеници нивни како треба да се спречи еден лош закон. И, нормално е дека беа упорни и очекуваа каков ќе биде исходот. Зашто, можеби се понадеваа дека исходот ќе биде позитивен, како што и сега се надеваат, ама за жал, тоа не се остварува. Тоа е она зошто се зголемила гледаноста на МТВ. Е, сега,

имаме контрадикторност. Јас не знам, колеги, зошто дофрлате и што е смешно. Мислам дека ова е вистина така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, има и реплики, ќе се одговори со реплика.

Повелете господине Караџоски продолжете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас така мислам, не мора да сум во право, имате тука право на реплика.

Второ, значи тоа е она зошто се зголемила гледаноста, а ко се зголемила како што се кажува. Сега веднаш е контрадикторен Извештајот. Се предлага мерка да се укинат директните преноси од Собранието и тоа се покрена едно време пред два месеци, Управниот одбор преку Советот за радиодифузија, не знам кој орган беше, дајте тоа да го направиме брзо, затоа што можеби овие ќе се договорат, коалиционите партнери, па таа седница не е добро да се гледа. Меѓутоа, јас ви тврдам дека таков потег ќе биде лош и тука апсолутно го поддржувам колегата Макрадули и не знам кој беше од ЛДП, еве и Кондарко дека во тој дел сме истомисленици. Знаете ли вие сега на 26 кога Ќе почне таа седница за територијална поделба што ќе значи да нема директен пренос. Ќе му скратиме на народот да види кој како овде се бори и кој за што се залага, со некоја репортажа од пет минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски не прејудицирајте некои работи за кои што не се случиле. Покрај тоа, јас имав изјава дека такво нешто нема да биде, додека не се направат локалните избори. Дури тогаш ќе разговараме, па затоа завршете ја вашата дискусија.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас, претседателе, не зборувам за ускратување на право, зборувам само за дискусиите што ќе ги има тука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, вие прејудицирате нешто што воопшто нема да се случи. Затоа, Зборувајте за извештајот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Се надевам, токму заради директните преноси од седниците на Собранието ако МРТВ односно МТВ може да задржи некаков си рејтинг на гледаност, се токму седниците на Собранието, затоа што се очекуваат интересни седници и ќе бидат гледани. Тоа во секој случај ќе влијае и на порастот на рејтингот на МТВ. И, ако уште и тоа си го скратат, јас не знам кој ќе ја гледа МТВ.

За македонското радио е посебна приказна и тоа е дел од сето ова. Еве, ќе ви го ускратам задоволството да ви ја раскажам прикаската, затоа што гледам дека не ве интересира оваа тема. Повеќе гледате телевизија, отколку што слушате радио. Се на се ние денеска, почитувани колеги, треба да го усвоиме овој Извештај со оние предложени мерки кои што ни се нудат и да ја верифицираме загубата на МРТВ и на МТВ комплетно и да ја продолжиме агонијата во која што таму се наоѓаат сите вработени. Исто така, со усвојувањето на овие заклучоци, треба да верифицираме некакви си реформи, кога се спомнува реформа, секгоаш се мисли на отпуштање од работа. Меѓутоа, ајде да е тоа така, да е тоа продуктивно отпуштањето кога во исто време се носат не знам какви други со несоодветни квалификации. Значи, се на се состојбата таму е лоша. Јас не знам до кога може тоа така да трае и да ги усвоиме овие заклучоци и дури овие предлози што ги предлага самата куќа, мислам дека нема којзнае колку да се подобри состојбата. Еве и ние како Собрание, јас дадов некој предлог, можеби и Владата и сите ние треба да размислиме што понатаму и во која насока тоа понатаму да се тера односно да се исправи.

Од сето ова, според мене, ваквиот извештај како што е прикажан, со она што е прикажано, за мене е неприфатлив и јас ќе гласам против. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Инаку, господине Караџоски ние гласаме за заклучоци, а не за извештајот кој што произлегува од заклучоците, а во заклучоците се дадени одредени решенија. Ние ќе гласаме за заклучоци, каде и вие самите рековте дека треба да се дадат некои решенија за да се оправи работата. Не гласаме за извештајот, па затоа јас ве молам гласајте за заклучоци, каде што ќе придонесете да се решат овие проблеми што ги констатиравме. Таму се дадени решенија.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да можеме да пристапиме кон гласањето.

Затоа што врз основа на Извештајот, каде што констатиравме дека ситуацијата можеби е лоша, ние предлагаме заклучоци. Ако сите ние сме загрижени за состојбата, тие заклучоци даваа некои насоки, некои задолженија и треба да ги гласаме. Извештајот можеби е реална состојба. Заклучоците ги имате.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Имаме кворум и по заклучување на претресот на Предлогот на заклучокот содржан во Извештајот на Комисијата за транспорт и врски и екологија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале вкупно 60 пратеника, 49 за 1 воздржан, 10 против.

Во салата беа присутни 62 пратеника за време на гласањето.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Преминуваме на 20 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за Пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот министер Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Почитувани пратеници, дозволете ми накусо да ги образложам основните причини кои ја натераа Владата да пристапи кон изменување и дополнување на овој закон, основните цели кои што очекуваме да ги постигнеме со овие измени и главните инструменти што ги инсталираме во овој закон.

Причините се за поголемиот дел од јавноста добро познати. Имено, веќе повеќе од 10 години владее една состојба во оваа сфера, која што со најблаги зборови може да се окарактеризира како неповолна и како резултат на овие состојби

кои беа согледувани во минатото, превземени се одредени чекори од претходните влади, меѓутоа, тие чекори се сведоа на персонални промени, кои што времето покажа дека не донесоа никаков суштински напредок во оваа сфера.

Оттаму, ние во Министерството за труд и социјална политика како надзорен орган на ова право кое што се остварува во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, се одлучивме да пристапиме кон порадикални промени и кон суштински промени и оттаму, минатата година, точно пред една година, значи во месец јуни формиравме посебна експертска комисија составена од истакнати стручњаци од Медицинскиот факултет, чија што основна задача беше да се направи согледување целосно на состојбите во оваа сфера и врз основа на тие согледувања, на тој Извештај да се дадат соодветни препораки за дејствување.

Основната цел што сакаме да ја постигнеме со овие измени е кажано наједноставно да се воведе ред во оваа мошне чувствителна сфера. Оваа сфера на остварување на многу битни права на граѓаните е нужно од страна на овластените органи во оваа сфера да се обезбеди праведност и еднаквост во пристапот, што како што се покажа од експертскиот извештај, за жал, досега не беше случај. И се разбира, да се сузбие просторот за корективни механизми, кои штоп повторно со анализата на овој експертски тим се покажа дека е прилижно голем во сегашните законски решенија.

Експертскиот тим по 6 месечна работа...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине министре, само да ги опоменам пратениците додека излегуваат да не разговараат по пат, зашто ова е многу битно, има многу пријавени и сакаат да го слушнат министерот.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Експертскиот тим по 6 месечна анализа, кон крајот на декември 2003 година, излезе со целосен и финален извештај, во кој што како што реков, се прецизно утврдени и констатирани слабостите и квалитативно и квантитативно и дадени се препораки за делување.

Во делот на слабостите ние лично како Министерство се погриживме тие да бидат што потранспарентно преставени во јавноста, доста се зборуваше за нив во јавноста, меѓутоа, во оваа прилика дозволете ми само најбитните бројки да ги посочам. Имено, овој извештај утврди дека 24,6% од донесувањето на овие

решенија не се почитувани пропишаните медицински законски критериуми, од кои што во 56% од случаите не постои комплетна и валидна медицинска документација, а кај 44% е донесена неправилна оцена за работната способност.

Врз основа на овие главни констатирани слабости, експертскиот тим даде повеќе препораки. Тие можат да се подредат во две категории. Во категорија на системски препораки и во категорија на препораки кои што упатуваат на промена на повеќе подзаконски акти.

Во делот на системските препораки и сега веќе влегуваме во делот на инструментите што ги вградивме во овој закон, основната препорака беше вградување на нов институт задолжителен контролен преглед и тој во овој Предлог на закон е вграден. Инаку, за информација на пратениците ние сме во моментот единствена држава во Европа која што нема ваков механизам.

Оттаму, овој задолжителен контролен преглед, неговото воведување е повеќе од нужно, доколку сакаме да поведеме ред во оваа постапка.

Контролниот преглед ќе се прави најмалку на една година, а најмногу две години по извршениот првичен преглед и по верификацијата на овој институт, дури тогаш лицето ќе добие право на трајна пензија.

Нареден системски механизам кој што го воведовме е всушност дисперзија на моќта и овластувањата во одлучувањето по однос на ова право.

Имено, досега целата моќ и сите овластувања беа сконцентрирани во самиот Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, поточно во неговите комисии. Ова се покажа дека е голема фалинка, системска фалинка и оттаму, сега ние вршиме дисперзија на овластувањата во три институции. Во Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, во Фонд за здравствено осигурување со учеството на лекарските комисии и во Министерството за труд и социјална политика, преку инсталирање на посебна ревизиона комисија, која што ќе врши ревизија на сите наоди. Значи од еден систем каде што целата постапка почнуваше и завршуваше само во една институција, сега имаме водење на постапката низ три институции и вградување на повеќе филтри, значи повеќе чек станици во текот на овој процес. Прво е, вклучени се како што реков, лекарските комисии, потоа се инсталира нова комисија за утврдување на исправноста на документацијата, што како што посочив во извештајот како констатација од извештајот излезе дека повеќе од половината случаи се врз основа на непотполна и неправилна документација и воведување како што реков на посебна ревизиона комисија.

Значи со сетот на овие системски промени, со воведување на контролен преглед и со дисперзија на моќта, обезбедени се вистински системски предуслови оваа состојба да биде променета. Ова е едниот, нормативниот законски дел на проблемот. Јас и порано сум истакнувал дека овие измени ќе претставуваат само основа за вистинско соочување со проблемот, затоа што оваа материја е подоцна регулирана со преку десет подзаконски акти и затоа ние како што можете да видите во членот 14 од измените, предвидуваме измена на осум подзаконски акти, од кои што два се нови а шест постојни, од кои што како најбитни би ги издвоил Правилникот за листата на професионални болести, Правилникот за телесни оштетувања и Одлуката за задолжителен минимум на обемот и содржината на медицинската документација.

Експертската група утврди дека овие инструменти, овие правилници се застарени, не одговараат на современата патологија и не се доволно расчленети, така што овозможуваат дискрециони толкувања и волонтаризам во постапката.

Оттаму, како што стои прецизно во членот 14, ја превземаме обврската во наредните три месеци да извршиме ревизија на сите овие подзаконски акти и дури тогаш ќе можеме да кажеме дека имаме нов систем, кој што ќе може ефикасно да одговори на овие проблеми.

За крај, воведуваме уште една измена, имено, иако извештајот констатираше сериозни деформации како што реков 44% од неправилно донесените решенија се должат на неправилна оцена на работната способност, значи на субјективен фактор, на субјективна некомпетентност, или волонтаризам во донесувањето на одлуките. Оттаму, нужно беше во законот да се внесат механизми за повикување на одговорност на овластените лица кои што учествуваат во постапката и кои што носат вакви решенија.

Оттаму, во тој дел во два члена се внесени прецизирања, со кои што врз основа на констатираните слабости институциите, т.е. Фонд за пензиско и инвалидско осигурување ќе може да пристапи кон ефикасно казнување, повикување на одговорност на лицата кои што се погрешиле од постапката.

Тоа се основните причини, цели и механизми кои што ние ги воведуваме и се надевам дека тие ќе наидат на поддршка и усвојување од пратениците.

Благодарам за вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре, за збор се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана потпретседателке, почитуван господине министре,

Сосема накратко ќе се обидам да го изнесам мојот став по повод предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во самото образложение на причините за донесување на овој закон е наведено дека потребата од измени и дополнување на законот е во функција на подобрување и унапредување на регулативата на системот, односно ефикасноста на системот на инвалидското осигурување преку постигнување на повисок степен на објективност во постапката на утврдување на постоење на инвалидност, како основ за остварување на долгорочни материјални права од обласtа на пензиското и инвалидското осигурување. Тоа пред малку го кажа и господинот министер.

Меѓутоа, јас лично сметам дека наместо да се остранат причините за состојбите што ја генерирале таа необјективност со оваа нова регулатива само значително се усложнува процедурата. Со ова практично се казнуваат чесните граѓани, а државата се оптоварува со зголемување на трошоците, со создавање на дополнителна администрација, што значи и со дополнителни материјални трошоци што ќе следат.

Затоа се поставува прашањето дали ќе се застане фактички со тоа на патот за необјективноста или пак повторно ќе се продолжи со експериментирање што секако дека скапо ќе ги чини и граѓаните и државата. Сакам конкретно да се осврнам на членот 134 каде што се кажува дека подносителот на барањето е должен да приложи медицинска и друга документација потребна за утврдување на инвалидноста. Покрај оваа документација со измените се предвидува да се врши и лекарски преглед на осигуреникот од страна на лекарска комисија на Фондот за здравствено осигурување на Македонија која ќе дава согласност за инвалидноста со свој наод, оцена и мислење за инвалидноста. За вакви дополнителни прегледи веројатно инвалидното лице ќе биде изложено на значителни дополнителни трошоци, на малтретирање и губење време, а сигурно дека и ќе талка по лавиринтите на државната администрација. Во истиот член стои дека Фондот со акт ќе го уреди задолжителниот минимум на обемот и содржината на медицинската документација потребна за утврдување на инвалидноста. Со ова јасно е дека повторно ќе се зголеми администрирањето во Фондот.

Понатаму во новиот член 134-а се предлага во рамките на Фондот да се формира, како што пред малку кажа министерот и друга комисија за утврдување на комплетноста и уредноста на документацијата. Повторно значи зголемување на администрирањето и дополнителни трошоци, секако ќе бидат на сметка на инвалидното лице. Во членот 134-а помеѓу другото стои дека при вршењето на преоценката ревизијата може да се изврши непосреден лекарски преглед на осигуреникот. Овде јасно не е кажано дали ќе се врши непосреден лекарски преглед на документацијата или лично на осигуреникот кој што веќе има утврдено одредено заболување кој што поминале низ разни тортури во текот на утврдување на степенот на нивна инвалидност преку разни снимања, разни инвазивни методи дали ако овде стои непосреден лекарски преглед дали со правилникот ќе биде утврдено кој тие лекарски прегледи смеат да се направат. Бидејќи не може да биде подвргнат еден пациент повторно да речеме на корнарографија или повторно на некој вид на снимање кој што повторно ќе кажам е огромен стрес и физички и психички за самиот пациен. И ако секоја комисија неколку пати го изложи на вакви снимања или вакви прегледи, тогаш луѓето или ќе се откажат или не дај боже може и да умрат таму.

Значи, јас ценам дека навистина се зголемува малтретирањето на луѓето за добивање на ваква инвалидска пензија, а се заради тоа што некој ја злоупотребувал својата функција, односно местото кое што го имал во некоја од комисиите и замале мито или не знам што и не ја утврдиле фактичката состојба онака како што биле должни да ја утврдат и сега цехот треба да го плаќаат луѓето кои што бараа инвалидска пензија кои што изгубиле дел од својата работоспособност.

Понатаму во новиот член 139 се предлага обврска повторно за задолжителен контролен преглед. Овој преглед ќе се врши во рок не пократок од една година, а најдоцна до две години од денот на утврдената инвалидност. Повторно контролниот преглед ќе го врши некоја трета комисија составена од доктори специјалисти во установа односно орган определена од Министерството за труд и социјална политика. Не е повторно кој ќе го плати контролниот преглед на инвалидното лице, меѓуто штом не е кажано значи секако тоа ќе бидат граѓаните. На ова место се поставува и уште едно сметам многу важно прашање, ако со ваквиот начин на стекнување на пензија осигуреникот добива времена пензија, времена инвалидска пензија со што притоа му престанува работниот однос по сила на законот кај работодавецот.

Што ќе се случува со лицата за кои што контролниот преглед после една година или две ќе утврди дека им е подобрена здравствената состојба или од други стручњаци се утврди дека онаа друга дијагноза која била дадена е различна од онаа на претходната Комисија.

Дали лицето ќе го изгуби истовремено и правото на пензија и правото на работен однос во услови кога во државата има огромна невраотеност и дали воопшто од Министерството за труд размислува за овие состојби и што ќе се случи, повторно ќе кажам, со граѓаните што ќе ја изгубат инвалидската пензија, а веќе го изгубиле работниот однос?

Во членот 139-а се предлага ревизија на наодот, оценка и мислење на Комисијата за процена на работната способност со која е утврдена инвалидноста, односно неспособноста за работа, врз основа на која се стекнува правото на пензија. Повторно ќе кажам, колку пати ќе треба инвалидните лица да плаќаат за контролни прегледи за да им се утврди нивната инвалидност, односно да добиваат право на пензија.

Понатаму, во членот 140 се предлага продолжување на рокот за донесување на решението од страна на Фондот за правата од пензиско-инвалидско осигурување од 45 на 60 дена од денот на поднесувањето на барањето. Ова значи дека наместо роковите да се скратуваат, тие се продолжуваат. Поточно, наместо да се зголемува, се намалува ефикасноста на државната администрација.

Понатаму, во член 146 се предлага нов став со кој што се предвидува, ако правото на инвалидска пензија не се остварува во рок од три месеци, по правосилноста на решението, инвалидното лице ќе треба да се упати на повторен комисиски преглед по службена должност. Меѓутоа, не е прецизирано по чија вина, ако не се оствари правото на пензија, инвалидното лице повторно се упатува на комисиски преглед. Повторно ќе кажам, не е ли тоа малтретирање до бескрај на овие луѓе? И администрирање до бескрај. Како ќе се снајдат осигурениците во сиот овој комплициран процес?

Во членот 161 се предлага органите на Фондот да се прошират уште со заменик директор на Фондот. Навистина не знам зошто е ова потребно, нема образложение, меѓутоа лично мое мислење е дека тоа е сигурно само заради задоволување на коалициските партиски договори.

Што може на крајто да заклучам после разгледувањето на еден ваков закон? Единствено дека, повторно ќе кажам, ќе се зголемат трошоците и маките на лицата

кои бараат инвалидска пензија, ќе се заплеткаат во уште поголем административно бирократски лавиринт и, наместо намалување, со овој Закон, секако на сметка на граѓаните, се врши систематско зголемување на административниот апарат.

И, за жал, на крајот, од овој предлог на закон, Владата, во нејзиниот познат демагошки стил тврди дека истиот нема да создаде обврски за дополнителни финансиски средства. Значи, сите овие комисии, сите овие малтретирања на граѓаните, талкања од шалтер на шалтер, од комисија до комисија нема да создаде никакви финансиски дополнителни средства, ниту обврска за граѓаните, ниту за државата.

Јас имам толку, благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-динот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Денеска, на дневен ред го имаме Предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на законто за ПИО со Предлог на закон, при што Владата на Република Македонија, согласно член 152 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија бара на оваа седница да се разгледа и Предлогот на законот.

Министерот, во своето обраќање даде образложение за причините за донесување на законот и за причините за донесување на овој закон по скратена постапка. Но, сметам моето мислење е дека овој закон требаше да оди барем во две фази, но и по скратена постапка не ни е ускратено правото по однос на пратениците да си го дадеме своето мислење по законот.

Првата моја забелешка во однос на законот е дека требаше да се изготви нов текст или да се задолжеше ЗПК да изготви пречистен текст, од причини што во Република Македонија пензиското и инвалидското осигурување како област е уредено со Законот за ПИО уште во 1993 година. До сега, има десет измени и дополнувања на законот. Во пракса ќе биде многу тешко да се применува овој закон, затоа што сите кои го применуваат овој закон ќе треба да бараат десет службени

весници да ја регулираат оваа материја. Затоа сметав дека барем можевме да ја задолжиме Законодавно-правната комисија да изготвеше пречистен текст на законот.

Во однос на потребата од донесување на Законот, таа е неспорна, од причините што ги образложи и министерот, а и што се дадени во образложението на Законот. Што значи дека има потреба од донесување на овој Закон.

Во однос на законскиот однос сметам дека има уставен однос за негово донесување и начелата врз кои се заснива законот, се во согласност со Уставот и правниот систем.

Не знам дали законот го гледаше матичната Комисија, но законот го разгледа Законодавно-правната комисија, каде имаше доста плодна расправа и плодна дискусија. Пратениците дадоа свои забелешки, а има и четири амандмани од оваа Комисија. Сега, во кратки црти ќе се осврнам на некои членови од предложениот закон што сметам дека се битни. Инаку, законот е краток и има само петнаесет членови.

Првата моја забелешка и првата новина што сега подносителот, заедно со барањето за утврдување на инвалидност или неспособност за работа, сега е должен да приложи медицинска, работна и друга документација потребна за утврдување на инвалидноста, преку подрачните единици на стручната служба на Фондот до Комисијата. И тоа до посебната Комисија, а тоа е Комисијата за утврдување на комплетност и уредност на документацијата.

Сега, со законот се предлагаат четири комисии и тоа две комисии ги предлага Фондот за ПИО, а двете комисии ќе го формира министерот за труд и социјална политика.

Првата комисија е Комисијата за утврдување на комплетност и уреденост на документацијата, до која се доставува барањето и целокупната документација потребна за утврдување на инвалидноста од страна на подносителот, односно граѓанинот. Оваа Комисија има за задача да ја прегледа и да констатира дали документацијата е комплетна, а доколку не е, да го извести граѓанинот во определен рок што треба да достави и дополни. А, кога документацијата е комплетна, го праќа на друга комисија, тоа е втората Комисија.

Втората комисија се формира сега, таа е Комисија за оцена на работната способност. Ова е најважната Комисија, бидејќи оваа Комисија, врз основа на наод, оценка и мислење ја утврдува фактичката состојба за остварување на правата врз основа на загубена работна способност, преостаната работна способност, телесно

оштетување и неспособност за работа, врз основа на која се стекнува право на инвалидска, односно семејна пензија.

Затоа сметам дека во правилникот што се предвидува да се донесе во рок од три месеци да има цврсти критериуми и услови за тоа кој може да биде член на оваа Комисија, како и санкции за членовите на Комисијата, доколку работат спротивно на законските норми. Се надевам дека овие мои забелешки Министерството ќе ги има во предвид.

Третата комисија е Комисијата за проценка, ревизија на наодот, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа. Оваа Комисија ќе ја формира министерот за труд и социјална политика и има за задача да ја контролира работа на Комисијата за оцена на работната способност. Сметам дека со формирањето на оваа Комисија ќе се придонесе за пореална и подобра работа на претходната комисија, а во интерес на граѓаните.

Посебно би ја спомнал и новината во законот, за која што говореше и министерот, а тоа е задолжителниот контролен преглед на лицата кои го оствариле правото на инвалидност, или инвалидска или семејна пензија, што ќе се врши во рок не пократок од една година, а најдоцна до две години од страна на комисија за задолжителен контролен преглед, што ќе ја формира министерот за труд и социјална политика од доктори и специјалисти. А, доколку корисникот на пензија не се јави на задолжителниот контролен преглед му се запира исплатата на пензија.

Во законот е испуштено времето кога и местото каде треба да се јави лицето на контролен преглед. Од страна на Законодавно-правната комисија има еден амандман со таква содржина и сметам дека министерот ќе го прифати овој амандман.

Има и други одредби од законот за кои зборуваше и колешката, а ќе зборуваат и останатите колеги, но јас во кратки црти се осврнав на овие работи што се позначајни, барем за мене.

Од ова што до сега го искажав, сметам дека со предложените решенија во законот се уредува мошне значаен дел од областа на ПИО и сметам дека со овие решенија ќе придонесеме за надминување на проблемите, недостатоцитге и злоупотребите во постапката за остварување на инвалидска пензија, ќе се постигне повисок степен на објективност во постапката на утврдување на постоење на инвалидност, за што сметам дека основната цел на овој закон, а таа цел со овие законски решенија ќе ја постигнеме. Сметам дека со овие законски решенија ќе

постигнеме уште една битна цел, а тоа е правото на инвалидска, односно семејна пензија ќе го користат само оние корисници на кои тоа право навистина им припаѓа.

Сметам дека со овие законски решенија законот ќе го доближиме до граѓаните и постапките ќе бидат брзи, објективни и реални. А, со самиот факт дека сега се зголемува и одговорноста на сите субјекти кои учествуваат во постапката за остварување на инвалидската односно семејната пензија ќе придонесеме за забрзување и пореални проценки на комисиите.

Од овие причини, ќе го поддржам овој закон и ќе гласам за него. Сметам дека за овој закон ќе гласаат и останатите колеги.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-динот Љупчо Мешков, повелете.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани министри, колеги пратеници,

Овие измени на законот за ПИО се однесуваат само на еден сегмент од системот, а тоа е оценката на работната способност што е во делот на остварувањето на правата и е доста важен сегмент од системот на ПИО. Бидејќи, како што кажа и министерот во оваа област се присутни подолго време одредени неповолни состојби, се разбира, законодавецот, со овие измени прави обид, односно настојување да предложи законски решенија со кои што тој смета дека на овој начин ќе бидат надминати неповолните состојби што се присутни во оваа област.

Се разбира дека решението на неповолните состојби, предлагачот на законот, односно на овие измени, го гледа, по мое длабоко убедување, не таму каде што е локацијата на проблемот, туку го гледа во формирање на разно-разни комисии. Сега да не ги набројувам тука, знаете и вие. Дел се во Фондот за ПИО, дел во Фондот за здравствено осигурување и тој е убеден дека со формирање на овие комисии и сите тие силни контроли, надконтроли, проблемот ќе биде надминат.

Јас, навистина, исто така сакам проблемот да биде надминат. Сакам неповолните состојби да бидат надминати. Но, мислам дека не е тоа правото решение. Односно, е правото решение, ако сакаме да зборуваме за една бескрајно добра постапка, за едно големо малтретирање на луѓето и на осигурениците,

мислам без потреба. Ако е со потреба, нормално дека и може да се малтретираат, да дојдеме до вистински законски остварено право. Меѓутоа, мислам дека решението се бара токму само преку формирање на такви едни комиси.

Инаку, беше, како што кажа и министерот, неодамна беа транспарентно објавени податоците од извршените контроли на оценката на работната способност и резултатите беа доста загрижувачки. Некаде околу 25% од контролираните прегледи, беше констатирано дека не се донесени во согласност со критериумите и мерилата за оценката на работната способност, што значи спротивно на Законот.

Сега, не сакам цифри да кажувам колку е тоа пари, колку е тоа милиони штета, меѓутоа, еве, да го употребам и тој збор, присуството на таа нус појава на транзицијата, односно митото и корупцијата, мислам дека не се решава на тој начин што тие за кои констатирале дека ете тие го направиле тоа, ќе се казнат со 10% од платата или 20% или со исклучување само на еден лекар кој случајно е сопруга на еден виден член од Либералната партија.

Значи, наместо да се решаваат проблемите ригорозно, онака како што треба да се решаваат, сега се наоѓа излезот во тоа што ќе направиме едне куп филтри преку кои тешко ќе биде сега, навистина, противправно да се дојде до пензија, што велиме сега е како пропратна појава што е присутна.

Меѓутоа, со тоа што таквиот еден филтер го префрлуваме сега во Фондот за здравство, мислам дека прво, не знам дали со Законот за ПИО може да создаваме обврски во здравството, меѓутоа, како и да е, комисијата што ќе се формира сега во здравството, што е должна да ја гледа медицинската документација и предлогот од матичниот лекар, тоа е добро што е од матичниот лекар, таа сега треба, ценејќи ја документацијата, значи таа мора да има разбирање и за тоа како таа медицинска документација има одраз врз работната способност на осигуреникот, значи таа треба да даде виза за понатаму предметот да продолжи во постапката, прво го поставувам прашањето дали лекарите во здравството се, да не ме сфатат погрешно, меѓутоа колку се тие квалификувани да ценат работна способност? Тие ценат здравствена способност, здравствена состојба на осигуреникот, меѓутоа не се квалификувани до таа мера да можат да ја ценат работната способност и да го ценат дали тој случај треба да оди на оценка на работна способност или не треба понатаму да оди и да продолжи во рамките на процедурата во Фондот за ПИО.

Сега, тука се поставува едно друго прашање. Ако, на пример, таа комисија констатира дека медицинската документација е таква или работната способност не е до тој степен нарушена да тој треба да оди на оценка на работната способност, на

пример нема да даде виза и ќе ја стопира работата, ќе ја врати назад. Меѓутоа, секој еден осигуреник има право, доколку сметам дека неговата работна способност, врз база на здравствената состојба му е до таа мера нарушена што не може понатаму да работи, тој има право да се појави пред надлежниот орган. Не може тоа право никој да му го ускрати. Затоа што според Законот за ПИО единствено надлежен орган што ја дава оценката за работна спосбоност се комисиите за оценка на работната способност при Фондто за ПИО.

Откако ќе заврши процедурата пред таа Комисија што е формирана во Фондот за здравство или ќе се формира, а која што треба да даде виза понатаму, сега предлогот, со документацијата оди на друга комисија, а тоа е Комисијата за оценка за комплетноста на документациајта што се формира во рамките на Фондот за ПИО. Еве, мислам дека ова е прво или второ дуплирање на работите, иако оценката на комплетноста на документацијата е многу важна работа за да добиеме ефикасна постапка, бидејќи секој некомплетиран предмет се враќа назад, се губи време. Значи, како дејност, како дејствие, комплетноста на документацијата е многу важна работа. Уште порано, да не кажувам кога, се водеше сметка за тоа. Токму затоа, сменетите лекари од лекарските комисии беа префрлени во подрачните служиб да ја вршат токму оваа работа.

Меѓутоа, истите тие лекари кои требаа да ја гледаа комплетноста на документацијата и да придонесат во ефикасноста на постапката, сега, истите тие лекари, сега јас не ја спомнав и причината друга зошто беа сменети, сега тие повторно се враќаат во лекарските комисии. Значи ја растураме таа работа што требаше да биде во таа насока, а сега за истата работа правиме комисија со тие лекари кои требаа таа работа да ја вршат, сега се како прекубројни во составите на лекарските комисии односно на комисиите за оцена на работната способност на Фондот за ПИО.

Со префрлање на дел од работите, чија што исклучива надлежност е во Фондот за пензиско, во други фондови во здравството, апсолутно сум сигурен дека се создава нов центар на моќта, односно создава непотребно такви центри на моќта кои дополнително ќе ја комплицираат постапката и не знам колку ќе бидат во интерес на надминување на овие неповолни состојби за кои зборуваше и министерот.

Да биде на јасно, секој мора да добие пензија само оној што неа ја заслужува, што навистина има потреба од таа пензија. Меѓутоа, мораме да водиме сметка дека

со ваквиот предлог апсолутно сум сигурен дека постапката ќе трае многу долго, а знаете дека се работи за луѓе со нарушено здравје, ќе трае многу долго, и ако се земе предвид дури и времето за контролниот преглед, јас мислам дека никој испод 3 години не ќе може да биде сигурен дека навистина е инвалидски пензионер. Сега можам подробно да го објаснам тоа со датуми колку ќе трае.

Кога некој ќе поднесе предлог до матичниот лекар, сега тој предлог треба да оди до комисија. Тоа се корелации на кои им треба време. Од таа комисија ќе помине на друга комисија во Фондот, па од таа друга комисија на Фондот ќе оди на лекарска комисија, па оттаму ќе произлезе статусно решение, значи не решение за инвалидска пензија, туку за инвалидност во која исто така има процедура за да стане правосилна. Потоа доаѓа наодот на комисијата, па оди сега на друга комисија која тој наод треба повторно да го контролира и после година или колку оди на контролен преглед. Таа работа, најодговорно тврдам дека под година дена не може да се заврши. Не 60 дена да трае постапката, туку ќе трае година и повеќе, а сите ние се бориме за законски решенија, меѓутоа за изнаоѓање решенија кои ќе значат брза и ефикасна постапка и што помало малтетирање на осигурениците, имајќи предвид пред се за каква категорија на осигуреници се работи.

Би сакал да кажам неколку збора и за тој контролен преглед. Овој контролен преглед го имаат, незнам дали сите, ама многу држави и во Европа и тој се воведува не за да се контролираат, буквално сите позитивни наоди, туку за оние случаи каде постои надеж дека со мерки на медицинска рехабилитација или со нови достиогнувања во медицината, во догледен период ќе може да настане подобрување на неговата здравствена и работна способност. Тие би требало да одат на контрола. Што сега ќе оди на контрола еден човек кој е тотално болен од карцином, кога после една година кога жив ќе оди. Значи контролата, според мене, треба да биде во случаи каде постои надеж дека таквата болест би можела во догледен период од година или две, со мерки на медицинска рехабилитација и други мерки таа состојба да биде надмината.

Сега мене не ми е јасно, воведуваме поим привремена инвалидсност и привремена инвалидска пензија, а дефиницијата на поимот на инвалидност ни останува иста. Дефиницијата на поимот на инвалидност врз основа на која се стекнува право на инвалидска пензија, вели трајна состојба која со никакви мерки на медицинска рехабилитација не може да биде надмината. Тогаш каква е таа привремена пензија, каква е таа привремена инвалидност кога поимот и дефиницијата на инвалидност останува иста односно не ни е променета.

Второ, она што го кажа и колешката Бонева. Мислам дека измените во оваа област мора да одат паралелно и со одредени размислувања во областа на работното законодавство. Имено, ако веќе воспоставуваме термин на привремена инвалидска пензија, значи човекот мора да оди на контролен преглед во тој случај треба да направиме измена во членот каде зборуваме за комплетна документација, каде ние задолжително бараме отказно решение. Сега не треба да бараме отказно решение, туку човекот треба да си биде на работа и да си ја води постапката, затоа што ако тој веќе добие отказно решение, а после една година настане подобрување на неговата состојба, сега тој останува и без работниот однос и без материјална егзистенција, бидејќи тој веќе нема да има статус на пензионер, нема веќе да има ни пензија. Значи, или во комплетната документација да не се бара отказното решение или тоа решение да има карактер на привремено решение, како што е терминот привремена инвалидска пензија или привремена инвалидност.

Во членот 4 од министерот за труд и социјална политика се заговара формирање на комисија за ревизија на наодите. Оваа Комисија и сега имаше законска можност, во законот и сега таа постоеше, меѓутоа, немаше пак други комисии. Сега, мислам, со ова, како што реков и претходно малку се дуплираат работите што е на уштрб, како што реков на ефикасноста на постапката. Сега можете да замислите кој трнлив пат треба да го помине осигуреникот, според овој предлог, за да дојде до инвалидска пензија. Тоа ќе биде долга постапка, многу долга постапка, сврзана со трошоци, сврзано, се разбира со одење од комисија на комисија, лично или не лично, не е важно, документацијата и мислам дека тоа ќе доведе до една крајно неефикасна втора постапка и сето тоа, нашата борба и заложба против митото и корупцијата, ќе го сведеме на грбот на осигуреникот наместо да ја бараме правата локација за тоа.

Во овој дел се поместени еден или два члена кои укажуваат на одговорноста, кривична, на луѓето. Може да стојат, но и не мора заради тоа што тоа е кривична одговорност, тоа е кривичниот законик, таму се регулираат тие работи, но добро нека стои тука како предупредување за оние кои ќе се дрзнат да преземат такви чекори кои се спротивни на законот.

Сега на крајот, после тоа што го кажав, логично би било нешто и да се предложи.

Јас лично, како што реков на почетокот воопшто не ми е намерата да критикувам затао што го ценам настојувањето на предлагачот на законот, да ги надмине неповолните состојби што оценил дека постојат во таа област. Меѓутоа,

мојата дискусија е во правец на тоа ако можеме да најдеме и да предложиме решенија кои ќе бидат ефикасни, да се надминат состојбите, но да бидат и во интерес на самите осигуреници заради кои постои фондот и заради кои се водат овие постапки. Затоа јас мислам дека во предлагањето на ваквите решенија, апсолутно би било потребно едни пошироки консултации со стручни луѓе, пред се мислам на лекарите во комисиите кои немаа ни поима дека таков закон е предложен, барем од она што јас го знам. Значи немаат никаков удел во ова, немаат свој придонес. Незнам колкав удел имаат и другите надлежни институции во сето ова, меѓутоа, работата е сериозна, постапката е многу важна во овој дел и затоа мислам дека треба да се најдат најоптимални и најдобрите решенија, а тоа може да се постигне само со една поширока консултација. Јас сега се извинувам ако грешам, министерот ќе каже, да речеме со Заводот за медицина на трудот, па и со здравството и со лекарите во лекарските комисии, за да се најдат пооптималните решенија. Затоа мислам дека е добро, овој закон не бара толку голема итност и можеби не е лошо, да речеме да оди тоа како прва фаза за да може меѓу двете фази да се обезбеди тоа за кое јас зборував затоа што мислам ако овие решенија бидат прифатени и покрај тоа што реков ги ценам настојувањата да се надминат состојбите и јас сум за тоа, но мислам дека тоа ќе доведе до крајно долга, мачна, неефикасна постапка, ќе доведе до неисполнување на роковите пропишани со закон за општа управна постапка и другите акти на Фондот за ПИОМ и на крајот на краиштата нема да бидат во корист на осигуреникот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Мешков,

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Ви благодарам госпоѓо потпреседател,

Мора да реагирам на симплифицирањата, извртувањата што се појавуваат во расправата, и ќе почнам веднаш од она последното што беше кажано. Членовите на лекарските комисии кои што сега работат при Фондот за ПИОМ тие не се дел од решението. Тие се всушност самиот проблем. Комисијата 7 има 35,3% неисправно донесени решенија. Секое трето решение господине Мешков е неисправно. Комисијата број 4, 37,2% од решенијата се неисправни. Од овие луѓе да бараме совет како да се реши проблемот. Тие се проблемот. И навистина ме чуди од вас како долгогодишен директор на Фондот за пензиско, кој што би требало овие состојби да ги знае многу добро, многу во детаљи, што вие го барате лекот таму

каде што е проблемот. Проблемот беше во тоа што институцијата Фондот за пензиско, преку комисиите нејзини имаше монопол, тука почнуваше и тука завршуваше постапката. Елементарно правило е во секоја борба против корупцијата, да го разбиете тој монопол кој што постои во една институција. Затоа сосема оправдано и нема друго решение, освен повеќе институции да се вклучат во постапката. На тој начин ќе биде одземен и ексклузивитетот и сите овие нечесни работи што се прават. Затоа што не постои логично објаснување, да одредена комисија од 37% случаи носат погрешни решенија. Или тие луѓе се комплетно некомпетентни, се корумпирани. Трето нема.

И ние, затоа како што реков одлучивме да водиме борба на системски начин, против причините, а не против последиците. Дали е консултирана стручната јавност и судот за медицина на труд. Токму, директорот на Институтот за медицина на труд е член  на оваа експертска комисија. И токму неговата улога и лична и на институцијата која што ја претставува всушност овозможи вакви решенија.

Нивото на експертската група која што беше формирана,  беше всушност највисоко можно на државата. Тоа се професори на Медицинскиот факултет од различни профили. И ова што е оперативно поставено во законот, како нормативна рамка, е всушност реализација на нивните препораки и решенија. А тие како што реков нивниот извештај беше транспарентно објавен. И мислам дека и измената на овој закон, на овој мал сегмент на овој закон може да послужи како пример за темелно работење. Шест месечна интензивна работа на експертска група и потоа шестмесечна работа на нормативните експерти за операционализација на овие препораки на Комисијата.

За наводното усложнување на постапката и малтретирањето на граѓаните. За оние пратеници кои што не се запознаени подетално досега постапката одеше вака. Потребен ви се само упат од матичниот лекар и вие директно со тој упат доаѓате на Комисијата, тука ви даваат пензија, завршена работа. Затоа и беше возможна корупција, затоа што системот немаше филтри, немаше контрола. Матичните лекари, тоа добро сите го знаеме, од икс причини многу лесно ги даваат тие упати. Затоа што ништо не ги чинат. Едноставно ви дава упат. Сега, ние што првиме. Не внесуваме нова комисија. Тоа е постоечката лекарска комисија која што одлучува за правата за боледување при ФЗО. Значи, постоечката лекарска комисија ја ангажираме и на оваа работа. И токму она треба да биде тој филтер што ќе процени дали матичниот лекар прелесно го дал упатот. Значи, тоа ни е тој контролен

механизам на тоа ниво, тој не чини ништо повеќе, нема нова администрација, нема нови вработувања. Истите луѓе се што функционираат и така.

Кога доаме сега кај новата комисија за документација. Па посочив дека 56% од неисправните решенија се донесени по основ на непостоење на комплетна и валидна медицинска докуменација. Значи најголем дел од проблемоте е тука. И ние ако ефикасно го нападнеме овој проблем, ние едноставно повеќе од половина од работата ќе ја решиме уште во старт. Затоа имаме, формираме токму ваква комисија и повторно таа не е од нови луѓе, туку од луѓе што се веќе вработени, и таму странката не доаѓа на преглед, значи, нема малтретирање на странката, туку се врши само контрола на документацијата. Дали е таа исправна и дали е комплетна. Така да нема никакво малтретирање и усложнување, напротив само прецизирање.

Околу траењето на постапките, прецисно е дефинирано со Законот за општа и управна постапка. 60 дена, толку. Неможе повеќе да трае. И органите ќе бидат принудени да тоа го извршуваат во тие рокови.

Инаку, ова што ние го вградуваме во нашиот закон, верувајте, не е ни половина од контролните механизми и разните комисии и други прегледи и филтри што треба да ги помине еден осигуреник во било која западно-европска држава. Ние сме последна држава што вршиме реформи во овој систем. За жал. Сите дури, и сите останати земји и од поранешна Југославија и од нашите соседи транзиционите држави, веќе воведоа и задолжителен контролен преглед и чекирање преку лекарските комисии.

И, она што се поставува исто како прашање, дали е потребен задолжителниот контролен преглед. Најголем број од државите во Европската Унија не еден туку имаат континуирани лекарски контролни прегледи. Значи, не еднаш туку континуирано според дијагнозата и според изнаоѓањето на претходната комисија, вас до крајот на животот ќе ве викаат да ве контролираат дали сеуште треба да го уживате тоа право. Значи, тоа е стандардно решение. Ние дури може критиката да биде дека тука сме преблаги во инсталирањето на новите механизми. А ако сакаме почитувани пратеници да личиме на нормална европска држава, мора да се движиме во прилагодување на нашиот систем и во овој дел. Значи нема дополнителна администрација, нема усложување на постапката, туку има нејзино контролирање. Прелесно сега се доаѓаше и тука беше просторот за корупција.

И оттаму, овие решенија што се предложени во овие измени, без лажна скромност, може да кажам дека се навистина одлични решенија и решенија кои што ги напаѓаат причините на проблемите. Затоа што тие не се кабинетски правени, туку

се правени врз основа на детална експертиза, на состојбите и на квантитативно изразени за тоа во кои делови на постапката и во кои делови на системот, нас системот ни паѓа.

И оттаму, наместо да и понатака го одложуваме решавањето на проблемот како што го правевме изминатите години. Ова е стар проблем. Повеќе од десет години. Повеќе од десет години граѓаните на оваа држава имаат поплаки, претставки и до институциите и до медиумите дека гнил е системот на давање на инвалидски пензии. За жал, институциите молчеа.

Сега, кога одлучија да проговорат отворено за тој проблем, дури и да ги стимулираме граѓаните, они да укажуваат кои се тие примери, за да ги санкционираме соодвтно, јас мислам дека на тоа мора да се даде поддршка, ако сакаме ред и во оваа сфера да создадеме. А сферата е многу осетлива. И она што го покажаа нашите анализи, на експертскиот тим, тие не беа насочени само на позитивните решенија. Беа вршени и на негативните решенија. И тие показатели се страотни, покажуваат дека луѓето што добиваат неисправни решенија за позитивна инвалидска пензија, не го прават тоа на сметка на државниот буџет, туку го прават на сметка на оние кои навистина се инвалиди, меѓутоа, се одбивани затоа што немаат да платат на некому во овие комисии. Овој проблем мораме да го нападнеме. Јас мислам дека тоа е вистинскиот начин и Владата мисли, затоа го предлагаме, тука сме, ќе го анализираме ефектот на овие нови решенија, после 6 месеци или после година дена ќе видиме што сме постигнале и ќе можеме да анализираме дали ваквиот пристап бил точен. Меѓутоа, овој пристап е заснован на детална домашна експертиза и на она што е стандардна процедура во најголем дел на државите кои имаат современи системи на инвалидска пензија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Повелете господине Мешков имате реплика.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Господине министре незнам зошто ги извртувате работите. Јас мислам дека во оваа сала нема ниту еден пратеник кој е за тоа да постои мито и корупција во лекарските комисии. Тоа го тврдам најодговорно. Од вашето сегашно излагање се доби впечаток дека некој овде се залага митото и корупцијата да останат во лекарските комисии. Тоа е една работа.

Втора работа, велите зошто лекарите да бидат консултирани. Затоа што тие лекари работат, господине министре. Вие рековте дека 25% или 30% се неточни

наоди. Знаќете колкава штета е тоа за државата? И како го решивте вие овој проблем, со тоа што не само што ги оставивте нив, туку ги доведовте и оние кои заради тоа беа сменети и тие ги внесовте, ги вративте назад. Така ли се решава тој проблем? На крајот на краиштата, ако веќе 25% се грешни и ако тие лекари и понатаму работат таму, не им фали влакно од главата, не чувствувате и вие некаква одговорност за состојбите во областа во која вие работите.

На крајот, зошто не ми одговорите на тоа што реков за дефиницијата дека останува иста, дека неможе при таква дефиниција. Не одговоривте што со тие луѓе што на контролниот преглед ќе останат без работа и без пензија, што ќе прават тие луѓе, каде ќе одат. Одговорете на тие работи а не, ги извртувате работите за мито и корупција. Тој на кој сакате да му алудирате, тој ги смени тие лекари за кои беше констатирано такво нешто и донесе нови. Тие нови сега и понатаму работат, велите 25% се грешни, милионски суми, а никому влакно не му фали од главата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Повелете господине министре.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Она за што јас овде прецизно зборувам, господине Мешков е дека вие имате конфликт на интереси. Со години работите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, бевте директор и саката и понатаму сите овластувања да останат во Фондот за пензиско, во една институција, во комисиите при Фондот кои всушност се јадрото на овој проблем. Не може господине Мешков и немата никаква аргументација и понатаму да барате монопол на една институција, кога резултатите се вака катастрофални. Затоа прва наша задача како законодавен дом и како извршна власт е да го разбиеме тој монопол, затоа што имаме егзатни показатели. Оттаму, вие господине Мешков со вашите дискусии ги штитите тие луѓе со кои работите и кои, кога ќе ви заврши пратеничкиот мандат, колку што јас знам, таму ќе се вратите. Јас мислам дека тоа не е фер, затоа што целата постапка. не што ја вршеше контролата Министерството, туку експертска комисија создадена од професори на Медицинскиот факултет јасно покажа како таму се работи, јасно покажа дека ние тој проблем мора да го нападнеме. Ние за тоа отворено говоревме, отворено ги дадовме податоците. Меѓутоа, затоа што имаме непрецизен закон, ние неможеме, т.е. Фондот за ПИОМ, затоа што тие се таму вработени, да беа кај мене вработени одамна ќе го изгубеа работниот статус, а тие се вработени таму преку две децении. Со вакви прекршувања на било кое друго работно мест, ако вие 37% од

производите што ги произведувате ви се неисправни, одамна ќе ја изгубевте работата. Само во ПИОМ, овие луѓе си работат и понатаму заштитени.

Затоа го менуваме законот, воведуваме персонализирана одговорност за, кога наредниот извештај на Комисијата ќе констатира вакви неправилности, тие луѓе веднаш да бидат избркани од работа со правна основа во овие нови членови.

Досегашниот Закон, за жал, тоа не го овозможуваше и затоа имаме недовршување на таа поставка што требаше Фондот за пензиско.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам министре, но приврвшувајте.

За реплика се јави г-ѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам потпретседателке, мислам дека министерот даде неточен навод и се надевам дека ќе се исправи во тој дел, незнам колку експертската комисија од Медицинскиот факултет работела шест месеци или шест години, меѓутоа, на министерот најверојатно не му кажале дека со упат од матичен лекар не се одеше директно на Комисијата за пензиско и инвалидско осигурување. И до сега постои Комисија при подрачните единици на Фондот за здравствено осигурување во Македонија каде што таа лекарска Комисија дава образец број 3 почитуван министре до подрачната единица за ПИО, а постапката натаму беше во надлежност на Фондот.

Значи вашите наводи од незнаење или грешно презентирање од страна на таа експертска Комисија покажуваат дека не е така како што велите, значи со обичен упат од матичен лекар да се оди во Фондот за ПИО и да се бара пензија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете министре.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

До колку пратеничката Којзеклиска го чита законот и до сега мислењето на лекарската комисија беше факултативно. Со овие измени станува обврзително. Тоа е огромната разлика. Значи, до сега можеше да се има мислење од таму сега мора

обврзително странката да донесе мислење од лекарската комисија. Тоа е разликата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е пријавена г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Г-дине министре кажавте дека ова е одличен закон со кој ќе се приближиме до ЕУ На два пати ве повикавме еднаш јас еднаш г-динот Мешков да ни одговорите кое е вашето европско решение за луѓето кои после една или две години комисиите ќе кажат дека тој веќе не е инвалид, туку е способен за работа. Значи, го изгубил работното место, ја изгубил инвалидската пензија, дали само ќе го додадете на вкупниот збир на бројки од скоро 400 илјади невработени или ќе превземете некоја мерка од ЕУ, бидејќи таму има берза на трудот и за лица од таа категорија за која државата посебно води сметка дали ќе им мирува работното место на овие луѓе, бидејќи имаат времена пензија, па дури одкако ќе добијат пензија до крајот на животот, одкако конечно ќе се каже дека тие се инвалиди, имаат инвалидска пензија, дури тогаш да им престане работниот однос.

Јасно треба да им кажете на граѓаните на Република Македонија за што се работи и што можат да очекуваат од нивната времена пензија со овој закон. Мислам дека многу решенија внатре во законот не се во ред и дека треба експертите многу сериозно да ги погледнат и вака набрзина носење ваков закон кој ќе се прекрши врз грбот на најнедолжните, тоа се луѓето со инвалидитет е срамно да помине преку овој Парламент, покрај она што беше кажано овде.

Минимум овој закон треба да оди во две фази за да може навистина сите луѓе да се произнесат за содржината на ваквиот понуден закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со дискусии.

За збор е јавена г-ѓа Цветанка Гашоска.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Почитувана потпретседателке, г-дине министре, колеги пратеници,

Материјата што ја обработува овој закон е дел од мојата основна професија затоа ми е добро позната и сметам дека измените и дополнувањата на Законот за

ПИО се повеќе од потребни дури мислам и доцнат. Зошто? Затоа што на сите ни е повеќе од јасно дека правото на користење на инвалидска пензиуја не можат да го остварат оние кои тоа го залужуваат заради тоа што ова право го остваруваат оние кои не го залужуваат или не им припаѓа.

Потполно се согласувам со мислењето и констатацијата на министерот преку направените контроли.

Инвалидската пензија во пензискиот систем е конципирана како крајна мерка на заштита. Затоа сметам дека тоа е процес остварувањето на правото на таа пензија. Болестите и повредите настануваат или се јавуваат, се лекуваат, се контролираат пократко или подолго време, се формира досие односно медицинска документација. Сето тоа го прави и го води избраниот лекар. Ете зошто кога се работи за покренување на постапка од ПИО опфатено во став 3 од членот 144 тоа ексклузивно право мора да му припаѓа на избраниот лекар, бидејќи тој знае колку заби има пациентот, а не да зборуваме за болестите.

На лекарот специјалист со кој избраниот лекар соработува и на работодавачот кој долго време го нема работникот на работното место. Лекарската Комисија при фондот за ПИО се сомневам дека може да има значајна улога, туку може да има аминувачко право, бидејќи членовите на Комисијата најчесто се потпираат на специјалистичките извештаи на отпусните листи, а многу малку врз лекарски прегледи. Сметам дека и одговорноста ќе се раздели на помал број субјекти кои соодветно мора и треба да бидат казнети.

Покрај тоа минимумот медицинска документација е варијабла . Инвалидска пензија може да се добие само врз основа на една отпусна листа, како на пример кај некои најчесто малигни заболувања и во голем број случаи имаме коректност и тоа така се случува.

Предложените измени и дополнувања на овој Закон веќе мене ми звучат навистина европски и не можам да се согласам со колешката Бонева затоа што Комисијата може, треба и мора да прави контролни прегледи во предвидени рокови.

Осигуреникот може да се здобие со времена инвалидска пензија и тоа е европски тренд, но мора да се мисли што ќе биде со осигуреникот ако после дгодини му се одземе правото на користење на инвалидската пензија? Каков ќе биде неговиот статус и понатаму и јас мислам дека периодот на контролните прегледи може да биде и подолг за да не се доведе корисникот во состојба инвалидската пензија да му биде одземена. Впрочем, тоа се случува во поголем број европски земји. Значи, тоа не е малтретирање на болниот, туку е контрола на неговата

здравствена состојба и колку подолго трае толку е посигурно дека тој тоа право ќе го оствари.

Член 4 предвидува преоцена или ревизија на наодот, оцената и мислењето на Комисијата. Тоа звучи уште поприфатливо до толку повеќе што ревизија не можат да вршат истите лица кои учествувале во претходната оцена на работоспособноста.

Со ваквиот предлог комисиите ќе мора многу да внимаваат во носењето на одлуките за стекнување со право на инвалидска пензија, бидејќи следуваат санкции.

Членовите 5, 6 и 7 со дополнетите ставови кои определуваат рокови за отпочнвуање на користење на правото на пензија се добра и корисна измена, бидејќи се избенува можноста од манипулации кои до сега се правеа. Искористување на годишни одмори и сл.

Со ваквите измени и дополнувања ќе се стави крај на анархичноста во оваа многу чувствителна свера од човековото живеење. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, почитувани колеги,

Веднаш на почетокот сакам да искажам голема благодарност до предлагачот што, по мое мислење, подготви еден ретко квалитетен текст. Ова не го зборувам случајно, бидејќи дел од забелешките, морам да истакнам, ги кажав на ЗПК. Понудивме, како што кажа колегата Јанаќе Витановски, четири амандмани кои верувам дека ќе бидат прифатени од страна на предлагачот т.е. министерот, но она што сакам посебно да го кажам дека овој закон предизвикува големо внимание и во јавноста, но и кај нас пратениците. Веднаш да кажам дека голем дел од сето она што мислев да го дискутирам го кажаа моите колеги особено мислам на колешката Гашовска која последна дискутираше и колегата Јанаќе Витановски.

Сепак би сакал да се осврнам само два - три сегменти од овој закон кој, по мое мислење, е од навистина исклучително голема важност. Тоа министерот го кажа и на ЗПК. Потенцираше многу битен факт дека со овој закон фактички се врши хармонизација на нашето со Европското законодавство, што е голем исчекор напред токму во оваа сфера.

Лично сметам дека е можен огромен труд, но држи забелешката на еден од моите колеги кој го забележи она што и јас сакав да го истакнам, а тоа е дека ова е

11-та по ред измена на законот за ПИО и претпоставувам дека во наредниот период Владата на Република Македонија ќе изготви еден навистина нов и квалитетен текст со кој многу би се олеснила практичната примена на законските одредби на овој Закон.

Она што посебно сакам да потенцирам е дека Комисиајта за утврдување на комплетност и уредност на документацијата мислам дека е квалитетна новина и во тој дел не се согласувам со она што колегата Мешков го истакна, имено, дали таквата Комисија би била стручна да преоцени или да оцени дали поднесената документација е во согласност со барањата на поднесеното барање, односно дали е во ред? Напротив, мислам дека не се обрна внимание на членот 14 за што министерот зборуваше во воведното излагање, тоа се оние подзаконски акти кои по своето значење се од непроценлива важност за практичната примена на овој Закон, а посебно тоа е Одлуката за задолжителен минимум на обемот и содржината на медицинската документација во постапката за остварување право по основ на инвалидност како и Правилникот на листата на професионални болести. До колку дел од таквата медицинска документација е содржана, а овде беше потенцирано дека е битно значењето дали поднесената документација односно самата документација е комплетна или не, на многу поедноставен начин ќе се олесни натамошната постапка во остварување на ваквото право на пензија било инвалидска било семејна.

Меѓутоа, она што посебно би сакал да го нагласам, мислам дека постои вакум, а тоа е содржано во членот 3 став 8, а мислам дека и колешката Гашовска посебно обрна внимание на тоа, имено, правото на инвалидска односно семејна пензија престанува до колку корисникот не се јави на задолжителен контролен преглед во рокот утврден во став 4 од овој член или со контролниот преглед кај истиот не е утврдена инвалидност односно неспособност за работа, со решение му се запира исплатата на пензијата и го губи својството пензионер.

Станува збор за еден практичен проблем, а тоа е што станува со овие лица, ако од една страна го изгубат своето право да се во редовен работен однос од друга страна имаат привремена инвалидност и ја загубат, тие лица едноставно влегуваат во еден правен вакум во поглед на нивниот статус не се ниту вработени ниту во инвалидска пензија. Зборувам од еден позитивен пример во смисла она што вели народот дај боже да се излекува од таквата болест и не му треба понатаму инвалидска пензија. Значи, што со тие лица?

Можеби е добро законодавецот односно предлагачот на овој закон да размисли што правиме, а настрана ги ставам оние лица кои свесно одат кон прибавување на правото на инвалидска пензија иако по рангот на болеста што ја поседуваат самите знаат дека не залужуваат.

Конечно, еден мој предлог и забелешка, што мислам дека и министерот на Комисијата ја потенцираше, добро е во наредната фаза, во наредните чекори да ни бде категоризација на болестите односно на степенот на инвалидност кај одредените лица. Со тоа би се постигнал уште поголем ефект и би се олеснила работата. Имено, знаеме во европски рамки и кај нашите соседи се оди кон тоа да се утврди еден степен на инвалидност дали ќе биде трајна, со половина работно време, тоа би било квлаитетно решение кое би одело во прилог на дополнување на овие законски прописи.

Уште еднаш потенцирам дека станува збор за мошне квалитетен закон и лично јас и пратеничката група на СДСМ ќе го подржиме. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За дискусија е пријавен г-динот Јусуф Арифи.

ЈУСУФ АРИФИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Пред нас го имаме Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Законот за ПИО претставува еден значаен закон за нашиот правен уставен систем, бидејќи токму со овој закон се остваруваат социјалните права на граѓаните на Република Македонија кои права произлегуваат од Уставот на Република Македонија кој преферира на економските, социјалните и културните права.

Бидејќи овој закон е значаен се поставува потребата за измени и дополнувања на истиот со цел за приближување кон европските стандарди за ПИО. Знаеме во согласност со Законот за ПИО врз основа на инвалидност се стекнува инвалидска пензија додека врз основа на неспособност, во случај на смрт корисниците на пензии остваруваат семејна пензија, како и материјалните права врз условите утврдени со овој закон.

Имајќи го во предви ова дека овој Закон има претрпени неколку измени, се поставува прашањето на истиот закон да се направат измени и дополнувања .

Измената и дополнувањето на овој Закон е во функција на подобрување и напредок на правниот систем односно ефикасноста на системот во насока на ПИО. Преку постигнувањето на високат аобјективност за постоење на инвалидност како предуслов за остварување на материјални права во обласата на пензиското и инвалидското осигурување.

Тоа што е значајно за овој закон и што треба да се нагласи се измените кои што се предлагаат и тоа измени во членот 134 став 3 од сегашниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување. Овде станува збор за една постапка за пензиско и инвалидско осигурување каде се бара потврда на инвалидноста без оглед на тоа дека постапката е покрената од осигурениот, или од некој друг субјект каде треба да се покренат медицински и други постапки, а што е потребно за утврдувањето на инвалидноста. Исто така, со членот 2 се предвидува обврска за утврдувањето на инвалидноста, односно неспособноста за работа и друга документација, значи лекарска. Осигуреникот преку професионалната служба на фондот за ПИОМ треба да испрати документација до Комисијата за утврдувањето на регуларноста и комплетирањето на документацијата. Оваа измена е предвидена во функција на отстранувањето и пропустите во постапките. И другите измени се предвидени и во членот 3 и 4 каде се предлага измена во членот 134 со кој се утврдува органот кој одлучува за остварувањето на правата засновани во загубата на способностите за работа и неспособноста за работа врз основа на што се стекнува правото за семејна пензија. Додека во членот 4 се предвидува проценка, ревизија и размислување на Комисијата за проценка на способностите за работа со кое се утврдува инвалидноста, односно неспособноста за работа врз основа на кој се стекнува правото за пензија од страна на Комисијата за проценки и ревизија за потврдата на инвалидноста, односно за неспособноста за работа. Треба да се нагласи дека оваа Комисија ја основа министерот за труд и социјална политика од експерти од оваа област. Исто така, со овој предлог се предвидуваат и неколку измени во насока на рок, дефинитивниот рок од три месеци за остварувањето на правото за инвалидска пензија врз основа на одлуката, до полноважноста на оваа одлука. После имаме измени за зајакнувањето на одговорноста на сите субјекти кои учествуваат во постапките за остварувањето на инвалидска пензија, односно семејна пензија. Од сето ова можам да заклучам дека сите овие измени и дополнувања треба да бидат едногласно прифатени не само за тоа дека има големо значење за општествениот живот во нашава држава, туку исто така со овие измени и

дополнувања на овој закон ќе можеме да одиме еден чекор напред со нашиот правен систем од аспект на реформите кои ќе претставуваат едно големо значење во процесот за интегрирањето на нашата држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, г-ѓо потпретседател, почитувани колеги, почитуван министре,

Пред нас се наоѓа еден Предлог на закон за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон. Значи, повторно добиваме нешто кое што на седница на Влада беше на 28.06.о.г. и еве, на оваа седница од 14.07.о.г. ние треба да го донесеме Законот повторно под итна постапка, еден закон кој што министерот во своето образлагање кажа дека шест месеци на сето ова работел некој експертски тим кој тие го формирале. Но, исто од поодделни други министри од Владата слушавме дека во дадени моменти кога ни треба поддршка, или поткрепа, ги формираме тие експертски тимови, а ако некогаш експертските тимови изнесат мислење дека она што го правиме не е во ред, се јавува другата информација дека секој во државата може да се прогласи за експертски тим. Јас во оваа ситуација не би сакал да коментирам, бидејќи не ги знам ни луѓето кои што го работеле сето ова, но како пратеник би сакал да изнесам мое видување и ставови по одделни точки и членови од овој закон кој што го имаме денеска пред нас. Можеби моето видување ќе биде малку поинакво од колегите кои досега говореа. Јас доаѓам од производството и мислам дека и на тој начин ги гледам работите. Се работи за една многу чуствителна сфера за која мислам дека ред е да се произнесат и луѓето кои што се засегнати со овој закон, Фондот, медицинските лица со свои ставови. И на крајот да донесеме еден закон кој во основа ќе ги брани интересите на оние за кои всушност и се носат законите, а тоа се граѓаните на Република Македонија Јас имам една забелешка дека овој закон не е разгледуван од Комисијата за труд и социјална политика каде што мислам дека такви одлуки и решенија од оваа комисија би ни помогнале нас како пратеници да ги добиеме смерниците за она што понатаму овој закон треба да носи. Но, тоа е тоа.

Пред да почнам да образлагам по одделни забелешки во самиот закон, би сакал да ја замолам и Владата а и воопшто целото општество да се концентрираме на она што ги прави овие луѓе инвалиди со одредени физички недостатоци,  и многу

психолошки проблеми и трајни професионални заболувања, кои во основа никој не сака да ги признае, а мислам дека ова министерство, Министерството за труд и социјална политика заедно со Министерството за екологија треба да направи критериуми и да ги обврзе работодавачите за вонредни лекарски прегледи, да не се дозволи овие работници да се подвргнуваат понатаму на три-четири контроли како да се некои, барем по ова што го гледам, како во секој од нив да гледаме човек кој што сака на некој начин да го изигра Законот, или пак луѓе кои што едвај чекаат да добијат некоја инвалидска пензија од 5 до  6 илјади денари со која што ќе бидат многу задоволни и што едвај ќе преживуваат. Многу често министерот спомнува дека со ова се приклучуваме кон Европската унија, која што има уште поригорозни критериуми во однос на овие лица и големиот број на лекарски прегледи. Но, господине министре, имаме една многу голема разлика со ЕУ, за секој инвалидитет и за се она што настанало пореметување на работно место уште повеќе професионална деформација се добиваат огромни оштети, дали е тоа од работодавачот, дали е од државата, за разлика каде работат тие луѓе. За жал кај нас тоа се мери со 10, или 15 просечни лични доходи кои што понатаму кога ќе видите со што треба овие луѓе  да преживуваат како инвалиди, едноставо она што им го доделуваме како помош не стигнува ни да состават крај со крај за да опстанат во живот, а да не говориме за останати работи за кои што ние социјално треба да помогнеме. Значи, јас мислам дека тука треба да се посвети многу поголемо внимание за разлика од се што се случувало досега, затоа што моите искуства и сознанија кажуваат дека во одделни делови каде што се покажале вакви професионални заболувања одделни лекарски екипи кои покажале желба за да ги реализираат и да остварат барем некакви резултати уште во старт биле запирани во својата работа, а за жал во исти такви услови токму во таа ЕУ се случувале промени со тоа што некои фирми се затворале, а да не говорам за правата на работниците после таквите работи. И сега би стигнал до она што го кажувавме дека имаме контролен лекарски преглед кој што треба да се изврши најмалку една година од една до две временски. Сега јас би прашал дали еден човек кој што една година не работи, или две години не работел на тоа работно место, во меѓувреме прима терапија, дали неговата состојба после две години би била иста со онаа за која што тој добил лекарско инвалидско уверение, или инвалидска пензија. Јас би замолил тие комисии, бидејќи гледаме дека тука се работи за многу документи кои што треба да ги имаме, ги испраќаме луѓето на неколку комисии, на неколку прегледи, но дали ние на крајот на краиштата ги проверуваме условите во кои што тие луѓе работеле.

Затоа што еден човек кој што изгледа здрав, ако го вратите во овие услови во кои што работел и кој што добил инвалиднина, мислам дека можеме да дојдеме во ситуација повторно да се повтори старата ситуација. Затоа мислам дека паралелно со овие закони треба да се работи токму и на законите за заштита, законите кои што не убедуваат дека не се извршуваат тие работи, гледајќи секојдневно околу нас, за многу несреќни случаи, дали необезбеденост на градежни објекти, на напонски објекти, едноставно поради неупотреба на заштитни средства, значи сето тоа треба да го подигнеме на многу повисоко ниво за да не дојдеме до оваа ситуација која што е последица точно од тие работи. Јас од она што го видов во Предлог законот, а и исцрпното излагање на г-динот министер, мислам дека би прокоментирал неколку члена од овој закон. Би почнал со членот 3 кој го менува членот 139 во кое што кажуваме дека се формира комисија за оценка на работната способност која се формира од Фондот и таа врз основа на фактичката состојба според наод, оценка и мислење донесува одлука за загубена работна способност, престанување на работната способност и неспособност за работа врз основа на што се стекнува право на инвалидска пензија. Следува обврска за задолжителен лекарски преглед и тоа во временски период помеѓу една и две години.

Второ, овој задолжителен контролен преглед го врши Комисија за задолжителен контролен преглед составена од доктори специјалисти во орган, односно установа определена од Министерството за труд и социјална политика. До донесување на решението од оваа Комисија на осигуреникот му се исплатува времена инвалидска пензија. И последниот став, дека пензијата престанува ако корисникот не се јави на контролен преглед и ја губи инвалидноста доколку Комисијата утврди дека осигуреникот е во ред, но кој не може да говори за ситуација, за неговата состојба од пред две години каква била таа дали тие оштетувања во тој момент биле доволни тој да добие инвалидска пензија, или во меѓувреме настанало подобрување со користење на терапија. Мислам дека досега господине министре, тројца колеги го поставија до вас истото прашање, што со тие луѓе кои ќе го изгубат правото на инвалидска пензија според ова, после тој контролен лекарски преглед после една, или две години кога луѓето веќе имаат добиено отказно решение, или самите мораат да го поднесат, а од друга страна кажуваме дека после ова не можат да ја користат ниту инвалидската пензија што им била поделена.

Во членот 4 кој го менува членот со 39-а после сите овие проверки, комисии кои знаеме како функционираат, многу тешко и вие самите тоа го знаете, затоа што формиравте доста комисии за кое што во првиот момент и вие самите бевте свесни

дека, еве тие можеби ќе завршат некои работи за два, три месеци, но за жал помина и година дена некои не се ни поместени од местото каде што беа. Да се надеваме дека сега нема да биде таков случај макар што лично се сомневам дека ќе биде тоа. И стигнуваме до уште една комисија, таа е комисијата за проценка, ревизија на наод, оценка, мислења која ја формира Министерството за труд и социјална политика од истакнати медицински стручњаци. Сега се поставува прашањето дали во овоие претходни комисии ќе има помалку истакнати стручњаци и на крајот ќе се постигне еден триумвират во оценката на своите колеги кои претходно ја работат истата работа. Дали со ова се прави недоверба меѓу колегите лекари па сега уште во старт многу осигуреници ќе бидат одбиени од првата комисија, затоа што со овој закон вие предвидувате членот 13 т.е. кој ги менува, или дополнителните членови 191-а, и 191-б, и престанок на работен однос и кривично дело кое ќе биде казнето согласно Кривичниот закон. Од една страна ги тераме самите лекари да не погрешат, а ако Комисијата со приоритет го утврди тоа, тогаш, следува казна. Јас сум на мислење дека и секој оној кој бил одбиен од Комисијата за оценка за работна способност има право да се жали до оваа последна ваша комисија која што ја формирате од Министерството за труд и социјална политика и неговиот предмет да биде проверен, а не само оние како што кажувате тука по случаен избор. Значи не можеме едни да ги ставиме по случаен избор, другите да го изгубат и тоа право да бараат поддршка од оваа комисија.

Во членот 6 кој го менува членот 146 се додаваат два става што за мене се неприфатливи, затоа што во тој член се кажува дека првиот став правото на инвалидска пензија врз основа на решение за утврдена инвалидност се остварува најдоцна во рок од три месеци од правосилноста на решението, тоа е првиот став. И доколку правото на инвалидска пензија не биде остварено во рокот определен во ставот 3 на овој член осигуреникот се упатува на повторен комисиски преглед по службена должност. Сега што? За овие три месеци ако не стигне тоа решение, или не стигне за шест месеци, или за девет, дали осигуреникот по службена должност ќе му упатиме уште два пати, или три пати да оди на лекарски прегледи. Мислам дека ова е апсолутно чиста техничка абота која што треба да ја завршат тие комисии и тука нема што осигуреникот да биде оптоварен со овој член, дали тој ќе го оствари апсолутно не зависи од него, затоа што тој ја бара пензијата и некој треба да му ја обезбеди, а како ќе биде тој третиран, мислам дека многу зависи од работата на комисиите кои досега видовме како и што работеле. За мене интересни се два члена од овој закон што мислам дека апсолутно нема потреба да стојат во ова, тоа е мое

мислење.Тоа е членот 9, диркеторот на Фондот има заменик. И членот 10 статутот и другите општи акти од став 1 точка 1 на овој член ги донесува управниот одбор на Фондот по претходно прибавено мислење од Министерството за труд и социјална политика. И во ставот 11 каде што повторно ги додаваме зборовите, односно заменик директор. Мислам дека во секоја установа па и тука како што е Фондот мислам дека сите обврски и одговорности ги има токму директорот, ако воведуваме дуализам и заменикот директор да ги има овие обврски, незнам, ако е ова политичко решение во ред. Но, мислам дека директорот е тој што треба да ги носи одговорностите и тој треба да ги работи овие работи.

Во однос на членот 13 за кој што еве кажавме дека можеби подобро ќе биде да стои во кривичниот законик, отколку во овој законик, се додаваат два нови члена 191-а и 191-б. 191-а, кога доктор специјалист кој учествува во постапката за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа во своето работење неосновано утврди постоење на инвалидност, или не пријави невистинита, односно погрешна документација, тоа претставува повреда на обврските утврдени со закон и основ за престанок на работниот однос со отказ. Лице кое издало погрешна, или невистинита медицинска документација неосновано утврдело постоење на инвалидност, или не пријавило инвалидност, или доставило невистинита медицинска документација ќе одговара за кривично дело и ќе биде казнето согласно Кривичниот закон. Значи, овие се двата члена од Кривичен законик. Мислам дека воопшто овде и не треба ни да бидат спомнати во овој закон. Вие кажавте дека првите системски промени всушност ги искажуваат овие членови за кои што и говорев досега, а останатите, она што кажавте промена на подзаконските акти се регулирани во членот 14. Мислам дека со овие законски промени кои што ги предлагате многу често во стартот како документи и како факти, како закон може би изгледа да не кажам идеално, но нешто добро кое што ќе донесе напредок, но времето ќе покаже, затоа што удвојувањето и утројувањето на одделни прегледи и контроли сето тоа доведува до една друга ситуација која што знаејќи го нашиот тежок систем, административен систем за функционирање, мислам дека ќе донесе уште поголеми проблеми кај луѓето кои што ги очекуваат овие инвалидски пензии од кои што зависи нивниот живот. Многу често, барем досега се случувало додека стигнеме до таа инвалидска пензија многу од осигурениците  и да ги нема, за жал. Затоа и Западот функционира со сите тие закони, но тоа се реализира многу брзо и контролата е препуштена многу често и на осигурителните компании кои водат сметка за своите осигуреници и се она што го правиме. За жал кај нас тоа

осигурување можеби во 80% случаи е некое минимално, или задолжително кое што не носи ништо.

Затоа, комплетно ако ја гледаме работата, по превенција, после ова, најдување начин за многу брзо изведување и контролата да биде навистина препуштена на стручни луѓе кои ќе го извршуваат сето тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолжуваме со дискусија.

Процедурално, има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам, потпретседателке,

Дискусијата веќе тече, меѓутоа, сакам да изразам едно незадоволство заради тоа што сите овие закони од социјалната сфера, од почетокот на формирањето на овој Парламент па до ден денес ниту еден не е поминат на Комисијата за труд и социјална политика. За тоа не ја обвинувам Владата, меѓутоа, сакам јавно да повикам да се реши прашањето со функционирањето на Комисијата за труд и социјална политика, затоа што е несодветно Матичната комисија да нема можност да ги разгледа законите кои доаѓаат и се суштински од Министерството за труд и социјална политика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине Стојановски.

Ќе гор азгледаме тоа на претседателството изаедно со координаторите.

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас би се придружил на останатите колеги со мислењето што го имам во однос на овој закон.

Најнапред морам да кажам дека потребата од донесување на овој закон е очигледно во правец на тоа што година наназад се случува, во делот на инвалидските пензии, да се прават разни злоупотреби или да се даваат пензии и на оние лица кои можеби таа не ја заслужуваат. Тоа е едниот проблем.

Вториот проблем е што се почесто на поплаки на граѓани слушаме дека во делот на стекнување односно доаѓање до инвалидска пензија се почести се појавите на корупција, како што и во други сегменти на државата можат да се најдат, меѓутоа, во тој дел е доста изразен. Нормално, тоа беа причините поради кои Владата се најде во позиција да предлага еден ваков закон со кој смета дека тој дел ќе се подобри, односно на овој начин кој што таа сега го предлага.

Ако овој закон го разгледаме во рамките и на сите други закони кои преку Министерството за труд и социјална политика од доаѓањето на новата Влада веќе имаме прилика да ги видиме, гледаме дека буквално нема сегмент во ниеден дел на социјалната заштита, односно од тој ресор на тоа Министерствто , каде што нешто не треба да се менува. Сега министерот ќе каже дека се до сега ништо не чинело, од сега наваму тоа треба да го средиме и јас би кажал, среќа што сега ни дојде министерот Манасијевски, па да ги средиме сите работи во овој ресор и во оваа област. Но за жал, не е така и нема да биде така.

Министерот во своето излагање кажа дека овој закон вака како што се формулира ќе даде резултат во делот на тоа што делот на корупцијата и делот инвалидските пензии да одат во вистински раце, ќе бидат средени по пат на оваа регулатива што се предлага овде. Не сум многу уверен дека тоа ќе биде така, затоа што за да се справиме со корупција не значи да ги умножиме комисиите, да дадеме повеќе простор за шетање на пациентите, значи не значи дека на тој начин може да се спречи корупцијата. Корупцијата може да се спречи со ригорозни методи, односно со казнување на она што некој го сторил. За жал, до ден денес не сме извеле ниту еден од тие членови на лекарските комисии, која имаше и по старито Закон овластување да издава инвалидски пензии, пред лицето на правдата за да се справиме со проблемот на корупцијата, па да кажеме дека со таков метод и со вадење на лицата пред лицето на правдата би можеле да ја оствариме целта, можеби и надвор од овој закон.

Меѓутоа, според мене, како и многу други закони кои преку министерот Јован Манасијевски дошле до нас од неговата сфера, и овој закон е рестриктивен. Тоа мора така да го разгледаме, и тоа таа растриктивност можеме да ја забележиме преку две цели кои Владата сака да ги постигне со овој закон. Едната можеме да ја крстиме како основна или примарна цел, која според мене основната цел е да се намали бројот на пензионерите во РМ. Тоа е основна цел, значи д ане продуцираме што поголем број, затоа што со стекнување инвалидски пензии се стекнува со

правото на пензионер, а од друга страна тој број расте. Каква ни е состојбата со исплатата на пензиите, тоа би требало да биде основна цел.

Секундарна цел, според мене, е онаа да се дојде до правична инвалидска пензија токму на оние на кои навистина им е потребна. Но откако, почитуван министер, пациентот, односно барателот на инвалидска пензија ќе ги испрошета сите комисии кои се предвидени со вооj закон, значи Комисија за издавање инвалидска пензија, надзорна, контролна и се што овде е регулирано и можеби тој барател ќе се доведе во состојба инвалидската пензија да не му треба, откако ќе ги испрошета сите врати. Еве, сликовито тоа да гокажеме и со одредбите на Законот, како би одела таа процедура. Прво, матичниот лекар треба да даде, по барање на пациентот, д аиздаде мислење, односно наод со кој треба да го прогласи пациентот дека треба да добие инвалидска пензија. Потоа тоа треба да го направи Фондот , односно лекарска комисија на Фондот за здравствено осигурување. Тоа е дадено во член 1 став 3 и 4 кои се менуваат, врз основа на лекарски преглед. Потоа таквите наоди се доставуваат до Комисија за утврдување на комплетност и уредност на документацијата на која сега е формирана во рамктие на Фондот - сега, за кој Фонд овде се работи, бидејки не пишува кој фонд. Значи, веќе дуплирање. После тоа, според член 3, таа комплетирната документација треба да се поднесе до Комисијата за оцена на работната способност, која се формира во рамките на Фондот - сега кој фонд, пак не се спомнува, веројатно Фондот при пензиско и инвалидско осигурување - па откако ќе излезе и од таму, и тоа е малку, тоа е веќе трета комисија, ќе му дадеме времено решение односно времена инвалидска пензија, доколку помине, доколку се смилостиви Господ да му дадат решение, па и тоа ког аќе го добие, не треба да бид емногу среќен затоа штопосле една година, најмногу две години треба да се појде на контролен преглед при Комисија за задолжителен контролен преглед, овојпат формирана од минситерот за труд и социјална политика. И тоа не било крај. Следна комисија е Комисија за процена и ревизија на наод , оцена и мислење , формирана од стручњаци исто така од министерот за труд и социјална политика, која покрај сите овие наоди што можат да излезат од сите претходни комисии, може со ревизионен налог да го поништи сето ова. Значи едно ново арбитрирање за да се дојде до една цел или да се исправи нешто што Владата смета дека било нерпавилно. Најтрагично е, од сето она што ао пациентот користел една година инвалидска пензија, според наодот на Комисијата за оцена на работната способност, меѓутоа, се јавил на контролен преглед затоа што морал со оглед на овој член и во меѓувреме се подобрила здравствената состојба, па при тој контролен преглед тоа

право му се укинува. Што со тој пациент, дали да се радува дека му се подобрила здравственат состојба, што во нормална држава и кај секој еден човек побитно е здравјето да се подобри, или да жали што ја изгубил пензијата, а за ново вработување воопшто не станува збор. И тоа е многу дискутабилно. Ваквата одредба дури ќе ги тера одредени пациенти односно баратели да работат со здравствени пробелми, а да не појдат да бараат инвалидска пензија затоа што може да им се случи токму примената на оваа одредба, па наместо да земат плата каква таква, да ја изгубат можноста никогаш веќе да не земаат плата.

Бидејки времето врви, да се осврнам на делот на казните за оној доктор кој ќе го издаде тоа што ќе го издаде како наод, покрај престанок на работа кривично одговара, а тоа што кривично треба да одговара треба да се регулира во Кривичниот закон. Значи, пак ќе кажам, за да привршам без да ги елаборирам членовите, основната поента е тоа што сметам дека целта која се сака да се постигне и треба да се постигне нема којзнае колку со овој закон да биде остварлива, затоа што навистина не значи дека ако имате премногу комисии, еден пациент треба да се шета до сто комисии, дека многу контроли значат и дека тоа ќе биде правилно применувано. Тоа не треба да не залажува, затоа што целта не е да се постигне којзнае каква добра примена, туку целта е со поголемо арбитрирање да се избегне создавање на голем број пензионери.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Сега е точно 17,00 часот.

Имаме уште еден пријавен за дискусија и сега треба да ја прекинеме седница, а ќе продолжиме во понеделник во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,00 часот).